Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:19.02.2025 16:51:03
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzben vesnik na RSM, O=JP Sluzben vesnik na Republika Severna Makedonija, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 37** **19 февруари 2025, среда** **година LXXXI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 859. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи (*)............................ | 2 |
| 860. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за девизното работење.................................................... | 11 |
| 861. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања.......................... | 21 |
| 862. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа..................................................... | 22 |
| 863. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за банките.................. | 22 |
| 864. | **Закон** за изменување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор | 38 |
| 865. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги.................................................... | 38 |
| 866. | **Закон** за дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка...................................................... | 41 |
| 867. | **Указ** за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија во Романија................................ | 42 |
| 868. | **Одлука** за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Град Скопје............... | 42 |
| 869. | **Одлука** за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Град Скопје............... | 42 |
| 870. | **Одлука** за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта............ | 43 |
| 871. | **Одлука** за давање на времено користење на недвижни ствари на амбасадата на Република Франција во Република Северна Македонија - Скопје................................................ | 45 |
| 872. | **Одлука** за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало.................................................... | 46 |
| 873. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во основното училиште............................. | 46 |
| 874. | **Календар** за изменување на Календарот за организација на учебната 2024/2025 година во јавните средни училишта........................................... | 52 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 875. | **Листа** на категоризирани спортисти во Република Северна Македонија за период јули-декември 2024 година... | **52** |
| 876. | **Листа** на стручни лица и тренери кои учествувале во работата за остварување на спортските резултати на категоризирани спортисти во Република Северна Македонија за период јули-декември 2024 година...... | **53** |
| 877. | **Годишна програма** за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2025 година................................................ | **54** |
| 878. | **Одлука** за менување на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.... | **70** |
| 879. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.... | **74** |
| 880. | **Одлука** за издавање Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.... | **77** |
| 881. | **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................. | **81** |
| 882. | **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................. | **82** |
| 883. | **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................. | **84** |
| 884. | **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................. | **86** |
| 885. | **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................. | **87** |
| 886. | **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................. | **89** |
| 887. | **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................. | **91** |
| 888. | **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................. | **93** |
| 889. | **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................. | **95** |
| 890. | **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................. | **96** |
| 891. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.... | **98** |
| 892. | **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................. | **102** |
| 893. | **Одлука** за менување на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.... | **104** |
| | **Огласен дел**..................................... | **1-148** |


# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**859.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ И ПЛАТНИ СИСТЕМИ (*)

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи (*),

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 февруари 2025 година.

Бр. 08-938/1
13 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ И ПЛАТНИ СИСТЕМИ (*)

Член 1

Во Законот за платежни услуги и платни системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 90/22 и 64/24) во член 3 во ставот (3) зборовите: „120.000.000 денари месечно“ се заменуваат со зборовите: „60.000.000 денари“.

Член 2

Во член 12 став (2) во точката 2) зборовите: „трета држава“ се заменуваат со зборовите: „држава членка“.

Член 3

Членот 29 се менува и гласи:

„(1) Платежна институција којашто дава платежни услуги од членот 8 точки 1), 2), 3), 4), 5) и/или 6) од овој закон е должна постојано да располага со износ на сопствени средства кој не може да биде помал од повисокиот износ меѓу износот на почетниот капитал од членот 28 од овој закон и износот на сопствените средства утврден согласно со ставот (2) на овој член.

---

(*) Со овој закон се врши усогласување со Регулативата (ЕУ) 2024/886 на Европскиот парламент и на Советот од 13 март 2024 година со која се менуваат Регулативите (ЕУ) бр.260/2012 и (ЕУ) 2021/1230 и Директивите 98/26 /ЕЗ и (ЕУ) 2015/2366 кои се однесуваат на инстант кредитните трансфери во евра (CELEX бр. 32024R0886).

(2) За потребите на ставот (1) на овој член, износот на сопствените средства се пресметува од платежната институција, со примена на еден од следниве три методи:

1) метод на фиксни општи трошоци;

2) метод на обем на плаќања и

3) метод на оперативен приход.

(3) Платежната институција е должна веднаш да ја извести Народната банка за секоја промена на фактите и околностите поврзани со методот на пресметка на сопствените средства од ставот (2) на овој член.

(4) Обврската од овој член не се однесува на платежна институција која е членка во банкарска група чиешто матично лице е со седиште во Република Северна Македонија и е предмет на консолидирана супервизија согласно со законот кој го уредува работењето на банките или кога е членка во банкарска група чиешто матично лице е со централна управа во странство, под услов супервизорскиот орган во државата во која е регистрирано седиштето на матичното лице да практикува адекватна консолидирана супервизија, најмалку идентична на начинот и обемот пропишани со законот кој го уредува работењето на банките.

(5) Народната банка може да ѝ наложи на платежната институција да применува друг метод на пресметка на сопствените средства од ставот (2) на овој член, од тој што го избрала во зависност од видот и сложеноста на платежните услуги што ги дава, како и обемот на платежните трансакции и ризиците на кои платежната институција е изложена.

(6) Народната банка, врз основа на оценка на процесите за управување со ризиците, податоците за загубите претрпени како последица на ризичните настани и системите на внатрешна контрола на платежната институција, може да ѝ наложи на платежната институција да располага со износ на сопствени средства што е најмногу до 20% повисок од износот на сопствените средства на платежната институција утврден согласно со одредбите на овој член.

(7) Народната банка, на барање на платежната институција, врз основа на оценка на процесите за управување со ризиците, податоците за загубите претрпени како последица на ризичните настани и системите на внатрешна контрола на платежната институција, може да дозволи платежната институција да располага со износ на сопствени средства што е најмногу до 20% понизок од износот на сопствените средства на платежната институција од ставот (1) на овој член.

(8) Советот на Народната банка со подзаконскиот акт од членот 28 став (9) од овој закон, поблиску ги пропишува и методите за пресметка на износот на сопствените средства од ставот (2) на овој член.“.

Член 4

Во член 31 став (3) во точката 1) зборовите: „во Народната банка и/или банка“ се заменуваат со зборовите: „во Народната банка по нејзина дискрециона оценка за прифаќање на паричните средства и/или во банка“.

Член 5

Во член 42 по ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:

„(10) Со подзаконскиот акт од ставот (9) на овој член Советот на Народната банка ги пропишува и обврските за задолжително учество на давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1), 2), 3), 5) и 7) од овој закон во платежните шеми на Единствената област за плаќања во евра, како и условите за извршување на плаќањата во евра заради обезбедување усогласеност на работењето на овие даватели на платежни услуги со правилата кои се применуваат во Единствената област за плаќања во евра.”.

Член 6

Во членот 43 воведната реченица се менува и гласи:

„(1) За платните инструменти и електронските пари кои во согласност со рамковниот договор се однесуваат само на поединечни платежни трансакции кои не надминуваат 1.800 денари или соодветна противвредност во други валути или имаат ограничување на трошењето од 9.000 денари или соодветна противвредност во други валути или чуваат парични средства кои во ниту еден момент не надминуваат 9.000 денари или соодветна противвредност во други валути или платежни картички со претплата кои не надминуваат износ од 9.000 денари или соодветна противвредност во други валути, давателот на платежните услуги со корисникот на платежни услуги може да договори:”.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога давателот на платежни услуги на плаќачот и давателот на платежни услуги на примачот или единствениот давател на платежни услуги во платежната трансакција се основани и работат во Република Северна Македонија, давателот на платежните услуги со корисникот на платежни услуги може со рамковниот договор да договори барањата од ставот (1) на овој член за платните инструменти и електронските пари да се однесуваат само на поединечни платежни трансакции кои не надминуваат 1.200 денари или соодветна противвредност во други валути или имаат ограничување на трошењето од 6.000 денари или соодветна противвредност во други валути или чуваат парични средства кои во ниту еден момент не надминуваат 6.000 денари или соодветна противвредност во други валути или платежни картички со претплата кои не надминуваат износ од 10.000 денари или соодветна противвредност во други валути.“.

Член 7

Во член 49 став (4) во точката 2) по зборот „зборови” се додаваат зборовите: „на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на друг јазик доколку е договорен меѓу давателот на платежни услуги и корисникот на платежни услуги”.

Член 8

Во член 56 став (1) точка 4) во потточката б) сврзникот „и” на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По потточката б) се додава нова потточка в), која гласи:

„в) јазикот или јазиците на кои ќе се склучи рамковниот договор и ќе се извршува комуникацијата во текот на договорниот однос и”.

Потточката в) станува потточка г).

Член 9

Во член 58 во ставот (2) по зборот „зборови” се додаваат зборовите: „на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на друг јазик доколку е договорен меѓу давателот на платежни услуги и корисникот на платежни услуги”.

Член 10

Во членот 78 воведната реченица се менува и гласи:

„(1) Давателите на платежни услуги со корисниците на платежните услуги за платните инструменти и електронските пари кои во согласност со одредбите од рамковниот договор се однесуваат само на поединечни платежни трансакции кои не надминуваат износ од 1.800 денари или соодветна противвредност во други валути или имаат ограничување на трошењето до вкупен износ од 9.000 денари или соодветна противвредност во други валути или се чуваат парични средства кои во ниту еден момент не надминуваат 9.000 денари или соодветна

противвредност во други валути или платежни картички со претплата кои не надминуваат износ од 9.000 денари или соодветна противвредност во други валути, можат да договорат:".

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога давателот на платежни услуги на плаќачот и давателот на платежни услуги на примачот или единствениот давател на платежни услуги во платежната трансакција се основани и работат во Република Северна Македонија давателот на платежните услуги со корисникот на платежни услуги може со рамковниот договор да договори барањата од ставот (1) на овој член за платните инструменти и електронските пари да се однесуваат само на поединечни платежни трансакции кои не надминуваат 1.200 денари или соодветна противвредност во други валути, или имаат ограничување на трошењето од 6.000 денари или соодветна противвредност во други валути, или чуваат парични средства кои во ниту еден момент не надминуваат 6.000 денари или соодветна противвредност во други валути, или платежни картички со претплата кои не надминуваат износ од 10.000 денари или соодветна противвредност во други валути.".

Член 11

Во член 135 ставот (3) се менува и гласи:

„Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член не се однесуваат на платните системи составени исклучиво од даватели на платежни услуги од членот 9 став (1) од овој закон кои припаѓаат на иста група.".

Ставот (4) се менува и гласи:

„Ако учесник во платен систем на којшто се применуваат правилата за конечност на порамнување во согласност со одредбите од Дел петти глава III од овој закон овозможува давател на платежни услуги којшто не е учесник во платниот систем да извршува налози за пренос преку платен систем е должен во согласност со ставот (1) на овој член да ја даде истата можност на објективен, пропорционален и недискриминаторски начин и на други даватели на платежни услуги ако го побараат тоа.".

Во ставот (5) зборовите: „од ставот (3) точка 1 на овој член" се заменуваат со зборовите: „на којшто се применуваат правилата за конечност на порамнување во согласност со одредбите од Дел петти глава III од овој закон".

Член 12

По членот 135 се додаваат нов наслов и нов член 135-а кои гласат:

**„Услови за барање пристап до определени платни системи**

Член 135-а

(1) Заради зачувување на стабилноста и интегритетот на платните системи, платежната институција, односно институцијата за електронски пари која пристапува до платен систем на којшто се применуваат правилата за конечност на порамнувањето во согласност со одредбите од Дел петти, глава III од овој закон е должна да:

1) преземе мерки заради заштита на паричните средства на корисниците на платежни услуги во согласност со членот 31 од овој закон;

2) воспостави систем на управување со јасно дефинирани овластувања и одговорности и системите на внатрешна контрола за платежните услуги од членот 8 од овој закон кои има намера да ги обезбедува, вклучувајќи ги и административните процедури, внатрешните процедури за управување со ризици и сметководствените процедури, како и систем за користење на услуги за информациска и комуникациска технологија и

3) воспостави план за престанок на давање на платежни услуги, во случај на неможност платежната институција, односно институцијата за електронски пари да ги исполни своите финансиски обврски.

(2) Доколку платежната институција, односно институцијата за електронски пари паричните средства на корисниците на платежни услуги ги заштитува на начин во согласност со членот 31 став (3) од овој закон, преземените мерки од ставот (1) точка 1) на овој член се однесуваат најмалку на:

- политиката за инвестирање во врска со членот 31 став (3) точка 2) од овој закон,

- бројот и функциите на лицата кои имаат пристап до сметката од членот 31 став (3) точка 1) од овој закон,

- административните процедури и процедурите за усогласување по кои се постапува во врска со постапките од членот 31 став (4) точка 1) од овој закон,

- нацрт договорот со Народната банка и/или банката и/или штедилницата кај кои платежната институција, односно институцијата за електронски пари која пристапува до платен систем има намера да отвори сметка заради исполнување на обврските од членот 31 став (3) точка 1) од овој закон или договорот со Народната банка и/или банката и/или штедилницата кај кои е отворена сметката од членот 31 став (3) точка 1) од овој закон и

- писмена изјава потпишана од одговорното лице кое е член на органот на управување на платежната институција, односно институцијата за електронски пари и заверена кај нотар дека работењето на платежната институција или институцијата за електронски пари е во согласност со членот 31 од овој закон.

(3) Доколку платежната институција, односно институцијата за електронски пари ги заштитува паричните средства на корисниците на платежни услуги на начин во согласност со членот 31 став (8) од овој закон, преземените мерки од ставот (1) точка 1) на овој член се однесуваат најмалку на:

- доказ дека осигурителната полиса или гаранцијата е издадена од друштво за осигурување или банка, кои не припаѓаат на истата група на која и припаѓа платежната институција, односно институцијата за електронски пари и детали за процесот на усогласување со кој се обезбедува исполнување на обврските за заштита на паричните средства во согласност со членот 31 став (8) од овој закон,

- детали за времетраење и условите за обновување на осигурителна полиса или гаранцијата и

- копија на договорот за осигурителна полиса или гаранцијата или нацрт на договор за осигурителна полиса или гаранцијата.

(4) Заради исполнување на условите од ставот (1) точка 2) на овој член, платежната институција, односно институцијата за електронски пари треба да покаже пред операторот на платниот систем дека системот на управување, системот на внатрешна контрола и системот за користење на услуги за информациска и комуникациска технологија се стабилни, пропорционални и соодветни на природата, обемот и сложеноста на платежните услуги и истите вклучуваат најмалку:

- утврдување на ризиците од членот 16 став (2) точки 8) и 13) и ставот (4) од овој закон, вклучувајќи видови на ризици и процедури кои платежната институција, односно институцијата за електронски пари ги има поставено или планира да ги постави со цел да ги процени и спречи овие ризици,

- процедури за спроведување на периодични и постојани контроли од членот 16 став (2) точки 8), 10), 13) и 14) од овој закон, вклучувајќи ја зачестеноста на истите, како и постојните човечки ресурси за исполнување на овие контроли,

- сметководствени процедури согласно со членот 16 став (2) точка 8) од овој закон,

- идентитет на лицето или лицата одговорни за функциите на внатрешната контрола, вклучително периодична, постојана и контрола на усогласеноста, како и ажурирана кратка биографија на тоа лице/а,

- идентификација на ревизорот од друштвото за ревизија кој треба да е различен од ревизорот во истото друштво за ревизија кој ќе ја врши ревизијата во согласност со членот 34 став (1) од овој закон,

- податоци за составот на органот на управување и доколку е применливо, на друг орган на надзорот на платежната институција, односната институција за електронски пари,

- опис на начинот на кој платежната институција, односно институцијата за електронски пари ги следи и контролира надворешните лица на кои го пренела вршењето на оперативни функции кои се поврзани со давањето на платежни услуги со цел да спречи намалување на квалитетот на внатрешните контроли,

- опис на начинот на кој филијали и/или агенти на платежната институција, односно институцијата за електронски пари се контролирани во рамките на системите на внатрешна контрола и

- опис на системот на управување на групата доколку платежната институција, односно институцијата за електронски пари е подружница на регулирано правно лице од друга држава членка.

(5) Заради исполнување на условите од ставот (1) точка 3) на овој член, планот за престанок на давање на платежни услуги, во случај на неможност платежната институција, односно институцијата за електронски пари да ги исполни своите финансиски обврски треба да биде пропорционален на предвидената големина и деловниот модел на платежната институција, односно институцијата за електронски пари со опис на мерките за ублажување коишто треба да ги преземе платежната институција, односно институцијата за електронски пари во случај на престанок на давање на платежни услуги со што би се обезбедило извршување на иницираните платежни трансакции и раскинување на постојните договори.

(6) Платежната институција, односно институцијата за електронски пари е должна да достави до операторот на платниот систем самопроцена за усогласеност на платежната институција, односно институцијата за електронски пари со барањата од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член, потврдена од ревизорот од ставот (4) алинеја 5 на овој член.

(7) Платежната институција, односно институцијата за електронски пари е должна да ја достави самопроцената од ставот (6) на овој член до операторот на платниот систем при поднесување на барањето за учество во платниот систем, како и ажурирана самопроцена на редовна основа, на секои две години.“.

Член 13

Во член 166 ставот (3) се менува и гласи:

„Во случај износот на сопствените средства на платежната институција или институцијата за електронски пари да е помал од износот пресметан согласно со членовите 29 и 30 од овој закон или платежната институција или институцијата за електронски пари треба да располага со износ на сопствени средства што е повисок од пресметаниот износ на сопствените средства или сопствените средства не се соодветни во однос на вкупниот износ на кредити одобрени во согласност со членот 12 став (2) од овој закон, Извршниот одбор со решение за изрекување мерки може:

1) да ѝ наложи да донесе и обезбеди спроведување на план на мерки за обезбедување на износот на сопствените средства пресметан во согласност со членот 29 или членот 30 од овој закон;

2) да ѝ наложи пресметката на износот на сопствените средства да ја прави според определен метод предвиден во членот 29 став (2) од овој закон;

3) да ѝ наложи да располага со износ на сопствени средства којшто е најмногу до 20% повисок од износот на сопствените средства пресметан согласно со членот 29 или членот 30 од овој закон;

4) да ѝ наложи да донесе и спроведе план на мерки за обезбедување на сопствените средства соодветни во однос на вкупниот износ на кредити одобрени во согласност со членот 12 став (2) од овој закон;

5) да ѝ наложи да донесе одлука и изврши зголемување на капиталот или

6) привремено да и забрани да исплаќа добивка.“.

Член 14

Во членот 175 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) По исклучок од ставот (3) на овој член, давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 9), 10) и 11) од овој закон не доставуваат до ЕРС податоци и информации за идентитетот на вистинските сопственици во случај кога сметките се отворени за буџетските корисници и правните лица во целосна државна сопственост.“.

Ставовите (5), (6), (7), (8), (9) и (10) стануваат ставови (6), (7), (8), (9), (10) и (11).

Ставот (11) кој станува став (12) се менува и гласи:

„(12) Министерот за финансии на предлог на Централниот регистар на Република Северна Македонија, со подзаконски акт, поблиску ги пропишува формата, начинот, контролата, условите и роковите за доставување и прием на информациите и податоците од ставовите (2) и (8) на овој член во ЕРС.“.

Член 15

Во член 176 став (3) во точката 11) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика” се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади”.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Субјектите од ставот (3) точки 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 11), 12), 13), 14), 15), 16), 17), 18), 19), 20), 21) и 22) на овој член доверливите информации и податоци од ЕРС може да ги добијат преку директен електронски пристап до ЕРС, а врз основа на претходно склучен Меморандум за соработка со Централниот регистар на Република Северна Македонија согласно со членот 14 од Законот за Централен регистар и овој закон.“.

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (5) и (6).

Во ставот (6) кој станува став (7) зборовите: „(4) и (5)” се заменуваат со зборовите: „(5) и (6)”.

Во ставот (7) кој станува став (8) зборовите: „ставот (6)” се заменуваат со зборовите: „ставот (7)”.

Во ставот (8) кој станува став (9) зборовите: „ставот (7)” се заменуваат со зборовите: „ставот (8)”.

Ставот (9) станува став (10).

Ставот (10) кој станува став (11) се менува и гласи:

„(11) Министерот за финансии на предлог на Централниот регистар на Република Северна Македонија со подзаконскиот акт од членот 175 став (12) од овој закон поблиску ги пропишува формата и содржината на барањето за податоци и/или информации од ЕРС, како и условите, формата, начинот, контролата и роковите за добивање на податоците и/или информациите од ЕРС.“.

Член 16

Насловот пред членот 177 и членот 177 се менуваат и гласат:

**„Користење на податоците од основните регистри при воспоставување и одржување на интерни регистри на платежни, депозитни или други сметки и сефови и издавање на податоци и/или информации од ЕРС**

Член 177

(1) Давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1), 2), 3), 5), 7), 9), 10) и 11) од овој закон се должни при евидентирањето на податоци за платежни, депозитни или други сметки и сефови, во сопствените интерни регистри, електронски и автоматизирано да ги користат податоците за правните и физичките лица евидентирани во следниве основни регистри и тоа:

1) податоците за правните лица и трговецот поединец: назив, адреса на седиште, даночен идентификациски број, организационен облик и шифра на дејност, се преземаат од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица кои ги води Централниот регистар на Република Северна Македонија, со внесување на единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС);

2) податоците за физичките лица кои се сопственици на сметки и сефови, вистинските сопственици на сметките и/или сефовите, законските застапници и/или лицата што се овластени за работење со сметките и сефовите: име и презиме, матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија или матичен број на странецот со уреден престој во Република Северна Македонија или друг идентификациски број, адреса на живеалиште, односно престојувалиште, датум и место на раѓање и државјанство се преземаат од Централниот регистар на население кој го води Министерството за дигитална трансформација, со внесување на матичниот број на граѓанинот на Република Северна Македонија, односно матичниот број на странецот со уреден престој во Република Северна Македонија.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1), 2), 3), 5), 7), 9), 10) и 11) од овој закон се должни при евидентирањето на податоци за платежни, депозитни или други сметки и сефови, во сопствените интерни регистри и податоците за странските правни и физички лица да ги внесуваат рачно, со стандардно (ICAO Doc 9303) основно латинско писмо, како што се запишани во документот за идентификација на правното, односно физичкото лице.

(3) Во случај на технички прекин на функционалноста на системите за водење на основните регистри, давателите на платежни услуги ги внесуваат податоците од ставот (1) на овој член во сопствените интерни регистри од соодветен важечки документ за физичкото, односно правното лице.

(4) Информациите и податоците од ЕРС се издаваат во согласност со содржината на ЕРС којашто е пропишана со подзаконскиот акт од членот 175 став (11) од овој закон, при што Централниот регистар на Република Северна Македонија е должен електронски и автоматизирано да ги користи податоците за правните и физичките лица евидентирани во основните регистри, во обем и на начин како што е пропишано во ставот (1) на овој член.

(5) Во случај на технички прекин на функционалноста на системите за водење на основните регистри, податоците за правните и физичките лица од ставот (1) на овој член се издаваат како што се последно запишани во ЕРС.“.

Член 17

По членот 177 се додава нов наслов и нов член 177-а, кои гласат:

**„Евиденции на лични податоци, заштита на податоците и/или информациите содржани во интерните регистри и ЕРС**

Член 177-а

(1) За целите на ЕРС, согласно со овој закон, се собираат, обработуваат и чуваат следниве категории лични податоци: име и презиме, резидентен статус, државјанство, држава на живеалиште и/или престојувалиште, адреса на живеалиште и/или престојувалиште, населено место, матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија или матичен број на странецот со уреден престој во Република Северна Македонија или друг идентификациски број, даночен идентификациски број, датум и место на раѓање, број на сметка и/или сеф, како и други податоци кои се однесуваат на поврзаноста на физичкото лице со сметката и/или сефот и на карактеристиките на сметката и/или сефот, а кои поблиску се пропишуваат со подзаконскиот акт од членот 175 став (11) од овој закон.

(2) Давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1), 2), 3), 5), 7), 9), 10) и 11) од овој закон, Централниот регистар на Република Северна Македонија и корисниците од членот 176 ставови (3) и (4) од овој закон, преземаат технички и организациски мерки за заштита на податоците и информациите од членот 176 став (3) од овој закон кои ги обработуваат, од случајна загуба, случајно или незаконско уништување, неовластен пристап, промена, дистрибуција, уништување или бришење согласно со прописите за заштита на личните податоци.“.

Член 18

Во член 207 став (1) во точката 43) бројот „(5)” се заменува со бројот „(6)”.

Член 19

Во член 226 во ставот (1) зборовите: „Европската Унија“ се заменуваат со зборовите: „Единствената област за плаќања во евра“.

Во ставот (2) зборовите: „Европската Унија“ се заменуваат со зборовите: „Единствената област за плаќања во евра“.

Член 20

Во член 231 во ставот (2) зборовите: „став (8)” се заменуваат со зборовите: „став (9)”.

Ставот (3) се брише.

Ставот (4) станува став (3).

Член 21

По членот 231 се додава нов член 231-а, кој гласи:

„Член 231-а

(1) Давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 1), 2), 3), 9), 10) и 11) од овој закон се должни да достават иницијална состојба на последно запишани податоци од сопствените интерни регистри на сметки и сефови до ЕРС во рок од 60 дена од денот на воспоставувањето на ЕРС.

(2) По успешно завршување на преносот на иницијалната состојба на податоците од ставот (1) на овој член, Министерството за финансии - Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија и Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија се должни да достават иницијална состојба на последно запишани податоци од сопствените евиденции за платежните сметки со повторливи приливни кредитни трансфери по основ на личен доход до ЕРС во рок од 90 дена од денот на воспоставувањето на ЕРС.

(3) Издавањето на податоци и информации од ЕРС ќе започне во рок од 60 дена од денот на завршување на преносот на иницијалната состојба на податоците од ставовите (1) и (2) на овој член.".

Член 22

Централниот регистар на Република Северна Македонија е должен да го воспостави Единствениот регистар на сметки најдоцна до 1 јуни 2025 година.

Член 23

Одредбите од Дел седми Глава II од Законот ќе започнат да се применуваат најдоцна до 1 ноември 2025 година.

Член 24

Давателите на платежни услуги од членот 9 став (1) точки 2), 5) и 7) од законот до денот на започнувањето на примената на Дел седми Глава II од законот може да користат податоци од единствениот регистар на трансакциски сметки од членот 15 став (3) од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија" број 113/2007, 22/2008, 159/2008, 133/2009, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 31/20 и 39/22).

Член 25

Одредбата од членот 5 од овој закон со која во членот 42 од законот се додава нов став (10) ќе започне да се применува во рок од шест месеци од денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Единствената област за плаќања во евра.

Член 26

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT TË SHËRBIMEVE PAGESORE DHE TË SISTEMEVE PAGESORE(*)**

Neni 1

Në Ligjin e Shërbimeve Pagesore dhe të Sistemeve Pagesave (*) (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 90/22 dhe 64/24) në nenin 3 në paragrafin (3) fjalët "120.000.000 denarë në muaj" zëvendësohet me fjalët "60.000.000 denarë".

Neni 2

Në nenin 12 paragrafi (2) në pikën 2, fjalët "shteti i tretë" zëvendësohen me fjalët "shteti anëtar".

Neni 3

Neni 29 ndryshohet si vijon:

"(1) Institucioni i pagesave që ofron shërbime pagesash sipas nenit 8, pika 1), 2), 3), 4), 5) dhe/ose 6) të këtij ligji është i detyruar të disponojë vazhdimisht shumë të mjeteve të veta që nuk mund të jetë më e vogël se shuma më e lartë ndërmjet shumës së kapitalit fillestar sipas nenit 28 i këtij ligji dhe shumës së mjeteve personale të përcaktuara në pajtim me paragrafin (2) të këtij neni.

(2) Për nevojat e paragrafit (1), të këtij neni, shuma e mjeteve personale llogaritet nga institucioni i pagesës, duke zbatuar njërën nga tri mënyrat e mëposhtme:

1) metoda e shpenzimeve fikse të përgjithshme;
2) metoda e vëllimit të pagesave dhe
3) metoda e të ardhurave operative.

(3) Institucioni i pagesave është i obliguar që menjëherë ta njoftojë Bankën Popullore për çdo ndryshim të fakteve dhe rrethanave lidhur me mënyrën e llogaritjes së mjeteve vetjake sipas paragrafit (2) të këtij neni.

(4) Detyrimi nga ky nen nuk ka të bëjë me institucionin e pagesave që është anëtar i grupit bankar, personi amë është me seli në Republikën e Maqedonisë së Veriut dhe është lëndë e supervizionit të konsoliduar në pajtim me ligjin që rregullon punën e bankave ose kur është anëtare në grup bankar personi amë i të cilit është me drejtori qendrore jashtë vendit, me kusht që organi mbikëqyrës në vendin ku është regjistruar selia e shoqërisë amë të ushtron mbikëqyrje adekuate të supervizionit të konsoliduar, të paktën identike në mënyrën dhe vëllimin e përcaktuar me ligjin që rregullon punën e bankave.

(5) Banka Popullore mund ta urdhërojë institucionin e pagesave që të aplikojë një mënyrë tjetër për llogaritjen e mjeteve të veta sipas paragrafit (2) të këtij neni, nga ajo që ka zgjedhur në varësi të llojit dhe kompleksitetit të shërbimeve të pagesave që i ofron, si vëllimi i transaksioneve të pagesave dhe rreziqet ndaj të cilave është i ekspozuar institucioni i pagesave.

(6) Banka Popullore, në bazë të vlerësimit të proceseve të menaxhimit të rrezikut, të dhënave për humbjet e pësuara si pasojë e ngjarjeve të rrezikut dhe sistemeve të kontrollit të brendshëm të institucionit të pagesave, mund ta urdhërojë institucionin e pagesave që të disponojë një shumë të mjeteve të veta që është maksimumi deri në 20% më e lartë se shuma e mjeteve të veta të institucionit të pagesave të përcaktuara në pajtim me dispozitat e këtij neni.

(7) Banka Popullore, me kërkesë të institucionit pagesor, në bazë të vlerësimit të proceseve të menaxhimit të rrezikut, të dhënave për humbjet e pësuara si pasojë e ngjarjeve të rrezikut dhe sistemeve të kontrollit të brendshëm të institucionit të pagesave, mund të lejojë institucionin e pagesave që të disponojë një shumë të mjeteve të veta që është maksimumi deri në 20% më e ulët se shuma e mjeteve të veta të institucionit të pagesave të paragrafit (1) të këtij neni.

(8) Këshilli i Bankës Popullore, me aktin nënligjor sipas nenit 28 paragrafi (9) të këtij ligji, më hollësisht i përcakton mënyrat për llogaritjen e shumës së mjeteve persona sipas paragrafit (2) të këtij neni.".

Neni 4

Në nenin 31, paragrafi (3), në pikën 1), fjalët "në Bankën Popullore dhe/ose bankë" zëvendësohen me fjalët "në Bankën Popullore sipas gjykimit të saj për pranimin e mjeteve në para dhe/ose në bankë".

Neni 5

Në nenin 42, pas paragrafit (9) shtohet paragraf i ri (10) si vijon:

"(10) Me aktin nënligjor sipas paragrafit (9) të këtij neni, Këshilli i Bankës Popullore i përcakton obligimet për pjesëmarrje të obligueshme të ofruesve të shërbimeve të pagesave sipas nenit 9 paragrafi (1) pikat 1), 2), 3), 5) dhe 7) nga ky ligj në skemat e pagesave të Zonës së vetme për pagesat në euro, si dhe kushtet për kryerjen e pagesave në euro për të siguruar harmonizimin e veprimeve të këtyre ofruesve të shërbimeve të pagesave me rregullat që zbatohen në Zonën e vetme të pagesave në euro".

Neni 6

Në nenit 43 fjalia hyrëse ndryshohet si vijon:

(1) Për instrumentet e pagesave dhe paranë elektronike, të cilat, në pajtim me marrëveshjen kornizë, i referohen vetëm transaksioneve individuale të pagesave që nuk e kalojnë 1800 denarë ose kundërvlerën adekuate në valuta të

---

(*) Ky ligj përputhet me Rregulloren (BE) 2024/886 të Parlamentit Evropian dhe të Këshillit, datë 13 mars 2024, që ndryshon Rregulloret (BE) nr. 260/2012 dhe (BE) 2021/1230 dhe Direktivat 98/26/KE dhe (BE) 2015/2366 në lidhje me transferimet e menjëhershme të kredisë në euro (CELEX nr. 12307). 32024R0886).

tjera, ose kanë limit shpenzimi prej 9.000 denarë ose kundërvlerë adekuate në valuta të tjera, ose të mbajë para të gatshme që në asnjë moment nuk i kalon 9.000 denarë ose kundërvlerë adekuate në valuta të tjera ose kartela pagesore që nuk kalojnë shuma prej 9.000 denarë ose kundërvlerë adekuate në valuta të tjera, ofruesi i shërbimeve të pagesave mund të bëjnë marrëveshje me shfrytëzuesin e shërbimeve të pagesave:".

Pas paragrafit (1) shtohet paragrafi i ri (2), si vijon:

"(2) Me përjashtim të paragrafit (1) të këtij neni, kur ofruesi i shërbimeve të pagesave të paguesit dhe ofruesi i shërbimeve të pagesave të marrësit ose ofruesi i vetëm i shërbimeve të pagesave në transaksionin e pagesës janë themeluar dhe veprojnë në Republikën e Maqedonisë së Veriut, ofruesi i shërbimeve të pagesave me shfrytëzuesin e shërbimeve të pagesave mund të pajtohet me marrëveshjen kornizë që kërkesat sipas paragrafit (1) të këtij neni për instrumentet e pagesave dhe paranë elektronike vlejnë vetëm për transaksionet individuale të pagesave që nuk tejkalojnë 1.200 denarë ose kundërvlerë adekuate në valuta të tjera ose kanë kufi shpenzimi prej 6.000 denarë ose kundërvlerë adekuate në valuta të tjera ose mbajnë mjete që në asnjë moment nuk i kalojnë 6.000 denarë ose kundërvlerë adekuate në valuta të tjera ose kartela pagesore që nuk tejkalojnë shumën prej 10.000 denarë ose kundërvlerën adekuate në valuta të tjera."

Neni 7

Në nenin 49 paragrafi (4) në pikën 2) pas fjalës "fjalë" shtohen fjalët "në gjuhën maqedonase dhe alfabetin e saj cirilik, si dhe në një gjuhë tjetër nëse është dakorduar ndërmjet ofruesit të shërbimeve të pagesave dhe shfrytëzuesit të shërbimeve të pagesave".

Neni 8

Në nenin 56 paragrafi (1) pika 4) në nënpikën b) lidhëza "dhe" në fund të fjalisë zëvendësohet me pikë dhe presje.

Pas nënpikës b) shtohet nënpika e re v) si në vijim:

"v) gjuhën ose gjuhët në të cilat do të lidhet marrëveshja kornizë dhe do të kryhet komunikimi gjatë marrëdhënies kontraktuese dhe".

Nënpika v) bëhet nënpika g).

Neni 9

Në nenin 58 në paragrafin (2) pas fjalës "fjalë" shtohen fjalët "në gjuhën maqedonase dhe alfabetin e saj cirilik, si dhe në një gjuhë tjetër nëse është dakorduar ndërmjet ofruesit të shërbimeve të pagesave dhe shfrytëzuesit të shërbimeve të pagesave".

Neni 10

Në nenit 78 fjalia hyrëse ndryshohet si vijon:

(1) Ofruesit e shërbimeve pagesore me shfrytëzuesit e shërbimeve pagesore për instrumentet e pagesave dhe paranë elektronike, të cilat në pajtim me dispozitat i referohen vetëm transaksioneve individuale të pagesave që nuk e kalojnë shumën 1800 denarë ose kundërvlerën adekuate në valuta të tjera, ose kanë limit shpenzimi deri në shumën e përgjithshme prej 9.000 denarë ose kundërvlerë adekuate në valuta të tjera, ose rruhen para të gatshme që në asnjë moment nuk i kalon 9.000 denarë ose kundërvlerë adekuate në valuta të tjera ose kartela pagesore që nuk kalojnë shuma prej 9.000 denarë ose kundërvlerë adekuate në valuta të tjera, mund të bëjnë marrëveshje:".

Pas paragrafit (1) shtohet paragrafi i ri (2), si vijon:

"(2) Me përjashtim të paragrafit (1) të këtij neni, kur ofruesi i shërbimeve të pagesave të paguesit dhe ofruesi i shërbimeve të pagesave të marrësit ose ofruesi i vetëm i shërbimeve të pagesave në transaksionin e pagesës janë themeluar dhe veprojnë në Republikën e Maqedonisë së Veriut, ofruesi i shërbimeve të pagesave me shfrytëzuesin e shërbimeve të pagesave mund të pajtohet me marrëveshjen kornizë që kërkesat sipas paragrafit (1) të këtij neni për instrumentet e pagesave dhe paranë elektronike vlejnë vetëm për transaksionet individuale të pagesave që nuk tejkalojnë 1.200 denarë ose kundërvlerë adekuate në valuta të tjera ose kanë kufi shpenzimi prej 6.000 denarë ose kundërvlerë adekuate në valuta të tjera ose mbajnë mjete që në asnjë moment nuk i kalojnë 6.000 denarë ose kundërvlerë adekuate në valuta të tjera ose kartela pagesore që nuk tejkalojnë shumën prej 10.000 denarë ose kundërvlerën adekuate në valuta të tjera.".

Neni 11

Në nenin 135 paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

"Dispozitat e paragrafëve (1) dhe (2) të këtij neni nuk kanë të bëjnë me sistemet e pagesave të përbëra ekskluzivisht nga ofruesit e shërbimeve të pagesave sipas nenit 9 paragrafi (1) i këtij ligji që i përkasin të njëjtit grup."

Paragrafi (4) ndryshon si vijon:

"Nëse një pjesëmarrës në një sistem pagese për të cilin zbatohen rregullat e përfundimit të shlyerjes në pajtim me dispozitat e Pjesës së Pestë, kreu III i këtij ligji i mundëson një ofruesi të shërbimit të pagesave që nuk është pjesëmarrës në sistemin e pagesave të ekzekutojë urdhrat e transfertave përmes sistemit pagesor, është i obliguar që në pajtim me paragrafin (1) të këtij neni, t'i ofrojë të njëjtën mundësi në mënyrë objektive, proporcionale dhe jodiskriminuese ofruesve të tjerë të shërbimeve të pagesave nëse ata e kërkojnë."

Në paragrafin (5) fjalët "sipas paragrafit (3) pika 1 të këtij neni" zëvendësohen me fjalët "për të cilat zbatohen rregullat për përfundimin e marrëveshjes në pajtim me dispozitat e pjesës së pestë, kreu III i këtij ligji".

Neni 12

Pas nenit 135 shtohet titulli i ri dhe neni i ri 135-a, si vijon:

**"Kushtet për kërkesës për qasje në sistemet e caktuara banesore**

Neni 135-a

(1) Për të ruajtur stabilitetin dhe integritetin e sistemeve të pagesave, institucioni i pagesave, përkatësisht institucioni i parasë elektronike që qaset në sistemin e pagesave në të cilin zbatohen rregullat e përfundimit të shlyerjes në pajtim me dispozitat e Pjesës së pestë, kreu III i këtij ligji është i detyruar të:

1) merr masa për mbrojtjen e mjeteve të përdoruesve të shërbimeve të pagesave në pajtim me nenin 31 të këtij ligji;

2) të krijojë një sistem menaxhimi me kompetenca dhe përgjegjësi të përcaktuara qartë dhe sisteme të kontrollit të brendshëm për shërbimet e pagesave sipas nenit 8 i këtij ligji që synon të ofrojë, duke përfshirë procedurat administrative, procedurat e brendshme të menaxhimit të rrezikut dhe procedurat e kontabilitetit, si dhe sistemin për përdorimin e shërbimeve për teknologji informatike dhe të komunikimit dhe

3) të krijojë një plan për ndërprerjen e ofrimit të shërbimeve të pagesave, në rast të pamundësisë së institucionit të pagesave, gjegjësisht institucionit të parasë elektronike, për të përmbushur detyrimet e tij financiare.

(2) Nëse institucioni i pagesave, përkatësisht institucioni për para elektronike, i mbron fondet e shfrytëzuesve të shërbimeve të pagesave në mënyrë në pajtim me nenin 31 paragrafi (3) të këtij ligji, masat e marra sipas paragrafit (1) pika 1) të këtij neni kanë të bëjnë të paktën me:

- politikën investuese në lidhje me nenin 31 paragrafi (3) pika 2) të këtij ligji;

- numrin dhe funksionet e personave që kanë qasje në llogarinë sipas nenit 31, paragrafi (3) pika 1) ,të këtij ligji;

- procedurat administrative dhe procedurat e harmonizimit me të cilat veprohet në lidhje me procedurat sipas nenit 31, paragrafi (4), pika 1) të këtij ligji;

- draft marrëveshja me Bankën Popullore dhe/ose bankën dhe/ose bankën e kursimit me të cilën institucioni i pagesave, gjegjësisht institucioni i parasë elektronike që hyn në sistemin e pagesave synon të hapë një llogari për përmbushjen e detyrimeve sipas nenit 31, paragrafi (3), pika 1) të këtij ligji ose marrëveshjen me Bankën Popullore dhe/ose bankën dhe/ose bankën e kursimit në të cilën hapet llogaria sipas nenit 31 paragrafi (3), pika 1) të këtij ligji dhe

- një deklaratë me shkrim e nënshkruar nga personi përgjegjës i cili është anëtar i organit drejtues të institucionit të pagesave, përkatësisht institucionit për paranë elektronike dhe i vërtetuar nga noteri se funksionimi i institucionit të pagesave ose institucionit për para elektronike është në pajtim me neni 31 të këtij ligji.

(3) Nëse institucioni i pagesave, përkatësisht institucioni për para elektronike, i mbron mjetet me para të shfrytëzuesve të shërbimeve të pagesave në mënyrë në pajtim me nenin 31, paragrafi (8) të këtij ligji, masat e marra sipas paragrafit (1), pika 1) të këtij neni kanë të bëjnë të paktën me:

- dëshmi se polisa e sigurimit ose garancia është lëshuar nga një shoqëri sigurimi ose bankë, të cilat nuk i përkasin të njëjtit grup të cilit i përket institucioni i pagesave, pra institucionit të parasë elektronike, dhe detajet e procesit të pajtueshmërisë që siguron përmbushjen e obligimeve për mbrojtjen e mjeteve në para në pajtim me nenin 31, paragrafi (8) të këtij ligji;

- detajet e kohëzgjatjes dhe kushteve për rinovimin e një polise sigurimi ose garancie;

- një kopje të marrëveshjes së polisës së sigurimit ose garancisë ose një draft të kontratës së polisës së sigurimit ose garancisë.

(4) Për plotësimin e kërkesave sipas paragrafit (1), pika 2) të këtij neni, institucioni i pagesave, përkatësisht institucioni për para elektronike, duhet t'i demonstrojë operatorit të sistemit të pagesave se sistemi i menaxhimit, sistemi i kontrollit të brendshëm dhe sistemi për përdorimin e shërbimeve për teknologjinë e informacionit dhe komunikimit janë të qëndrueshme, proporcionale dhe të përshtatshme me natyrën, vëllimin dhe kompleksitetin e shërbimeve të pagesave dhe përfshijnë të paktën:

- përcaktimin e rreziqeve sipas nenit 16 paragrafi (2), pika 8) dhe 13) dhe paragrafi (4) të këtij ligji, duke përfshirë llojet e rreziqeve dhe procedurat që institucioni i pagesave, përkatësisht institucioni i parasë elektronike ka vendosur ose planifikon t'i vendosë me qëllim që t'i vlerësojnë dhe parandalojnë këto rreziqe;

- procedurat për zbatimin e kontrolleve periodike dhe të përhershme sipas nenit 16 paragrafi (2) pika 8), 10), 13) dhe 14) të këtij ligji, duke përfshirë shpeshtësinë e tyre, si dhe burimet njerëzore ekzistuese për përmbushjen e këtyre kontrolleve;

-Procedura kontabiliste në pajtim me nenin 16 paragrafi (2) pika 8) të këtij ligji;

- identitetin e personit ose personave përgjegjës për funksionet e kontrollit të brendshëm, duke përfshirë kontrollin periodik, të përhershëm dhe të përputhshmërisë, si dhe një biografi të shkurtër të përditësuar të atij personi/ave;

- identifikimin e revizorit nga shoqëria e revizionit i cili duhet të jetë i ndryshëm nga revizori në të njëjtën shoqëri revizori i cili do ta kryejë revizionin në pajtim me nenin 34, paragrafi (1) të këtij ligji;

- të dhëna për përbërjen e organit administrues dhe, nëse është i zbatueshëm, të një organi tjetër të mbikëqyrjes së institucionit të pagesave, institucionit përkatës për paranë elektronike;

- përshkrim i mënyrës në të cilën institucioni i pagesave, përkatësisht institucioni për paranë elektronike, monitoron dhe kontrollon personat e jashtëm të cilëve u ka transferuar kryerjen e funksioneve operacionale në lidhje me ofrimin e shërbimeve të pagesave për të parandaluar uljen e cilësisë së kontrolleve të brendshme;

- përshkrim i mënyrës sesi kontrollohen filialet dhe/ose agjentët e institucionit të pagesave, përkatësisht institucionit të parasë elektronike, brenda sistemeve të kontrollit të brendshëm dhe

- përshkrim i sistemit të menaxhimit të grupit nëse institucioni i pagesave, përkatësisht institucioni i parasë elektronike, është një filial i një personi juridik të rregulluar nga një shtet tjetër anëtar.

(5) Për plotësimin e kushteve sipas paragrafit (1), pika 3) të këtij neni, plani për ndërprerjen e ofrimit të shërbimeve të pagesave, në rast të pamundësisë së institucionit të pagesave, përkatësisht institucionit për para elektronike, duhet të jetë proporcional për madhësinë e pritshme dhe modelin e biznesit të institucionit të pagesave, pra institucionit të parasë elektronike me një përshkrim të masave lehtësuese që do të ndërmerren nga institucioni i pagesës, pra institucioni i parasë elektronike në rast të ndërprerjes së dhënies së shërbimeve pagesore që do të siguronin realizimin e transaksioneve të pagesave të nisura dhe përfundimin e marrëveshjeve ekzistuese.

(6) Institucioni i pagesave, përkatësisht institucioni i parasë elektronike, është i detyruar t'i dorëzojë operatorit të sistemit të pagesave një vetëvlerësim për pajtueshmërinë e institucionit të pagesave, përkatësisht institucionit të parasë elektronike me kërkesat sipas paragrafit (1), (2), (3), (4) dhe (5) të këtij neni, të konfirmuar nga revizori sipas paragrafit (4), nënparagrafi 5 të këtij neni.

(7) Institucioni i pagesave, përkatësisht institucioni i parasë elektronike, është i obliguar që me rastin e paraqitjes së kërkesës për pjesëmarrje në sistemin e pagesave, vetëvlerësimin sipas paragrafit (6) të këtij neni t'ia dorëzojë operatorit të sistemit të pagesave, si dhe një vetëvlerësim i përditësuar në baza të rregullta, çdo dy vjet.".

Neni 13

Në nenin 166, paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

“Në rast se shuma e mjeteve të veta të institucionit të pagesave ose institucionit të parasë elektronike është më e vogël se shuma e llogaritur në pajtim me nenin 29 dhe nenin 30 të këtij ligji, institucioni i pagesave ose institucioni i parasë elektronike duhet të kenë një shumë mjetet vetjake që janë më të larta nga shuma e llogaritur e mjeteve personale nuk janë adekuate në raport me shumën e përgjithshme të kredive të miratuara në pajtim me nenin 12, paragrafi (2) të këtij ligji, Bordi Ekzekutiv me vendim për vendosjen e masat mund të:

1) e udhëzon që të miratojë dhe të sigurojë zbatimin e planit të masave për sigurimin e shumës së mjeteve të veta të llogaritura në pajtim me nenin 29 ose nenin 30 të këtij ligji;

2) ta udhëzojë që të llogaritë shumën e mjeteve të veta sipas metodës së caktuar sipas nenit 29 paragrafi (2) i këtij ligji;

3) ta udhëzojë që të disponojë me shumë të mjeteve personale që është më së shumti deri në 20% më e lartë se shuma e mjeteve personale e llogaritur në pajtim me nenin 29 ose nenin 30 të këtij ligji;

4) ta udhëzojë që të miratojë dhe zbatojë planin e masave për sigurimin e mjeteve të personale adekuate në lidhje me shumën e përgjithshme të kredive të miratuara në pajtim me nenin 12 paragrafi (2) të këtij ligji;

5) ta udhëzojë atë të marrë një vendim dhe të bëjë një rritje të kapitalit ose

6) ta ndalojë përkohësisht të paguaj fitimin”.

Neni 14

Në nenin 175 pas paragrafit (4) shtohet paragraf i ri (5) si vijon:

(5) Me përjashtim të paragrafit (3) të këtij neni, ofruesit e shërbimeve të pagesave sipas nenit 9 paragrafi (1) pikat 9), 10) dhe 11) të këtij ligji nuk i dorëzojnë ERS-së të dhëna dhe informacione për identitetin e pronarët realë në rast se hapen llogaritë për përdoruesit buxhetorë dhe personat juridikë në pronësi të plotë shtetërore”.

Paragrafët (5), (6), (7),(8) dhe (10) bëhen paragrafët (6), (7), (8)(9)(10) dhe (11).

Paragrafi (11) që bëhet paragrafi (12) ndryshohet si vijon:

“(12) Ministri i Financave, me propozim të Regjistrit Qendror të Republikës së Maqedonisë së Veriut, me akt nënligjor më hollësisht përcakton formën, mënyrën, kontrollin, kushtet dhe afatet për dorëzimin dhe pranimin. të informacionit dhe të dhënave sipas paragrafëve (2) dhe (8) të këtij neni në ERS.".

Neni 15

Në nenin 176 paragrafi (3) në pikën 11 fjalët "Ministria e Punës dhe Politikës Sociale" zëvendësohen me fjalët "Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe Rini".

Pas paragrafit (3) shtohet paragrafi i ri (4), si vijon:

"(4) Subjektet sipas paragrafit (3) pikat 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 11), 12), 13), 14), 15), 16), 17), 18), 19), 20), 21) dhe 22) të këtij neni, informacioni dhe të dhënat konfidenciale nga ERS mund të merren përmes aksesit të drejtpërdrejtë elektronik në ERS, dhe në bazë të memorandumit të lidhur më parë për bashkëpunim me Regjistrin Qendror të Republikës së Maqedonisë së Veriut në pajtim me nenin 14 të Ligjit të Regjistrit Qendror dhe me këtë ligj”.

Paragrafët (4) dhe (5) bëhen paragrafë (5) dhe (6).

"Në paragrafin (6), i cili bëhet paragrafi (7), fjalët "(4) dhe (5)" zëvendësohen me fjalët "(5) dhe (6)".

Në paragrafin (7), i cili bëhet paragrafi (8), fjalët “paragrafi (6)” zëvendësohen me fjalët "paragrafi (7)".

Në paragrafin (8), i cili bëhet paragrafi (9), fjalët “paragrafi (7)” zëvendësohen me fjalët "paragrafi (8)".

Paragrafi (9) bëhet paragrafi (10).

Paragrafi (10) që bëhet paragrafi (11) ndryshohet si vijon:

“(11) Ministri i Financave, me propozimin e Regjistrit Qendror të Republikës së Maqedonisë së Veriut, me akt nënligjor sipas nenit 175, paragrafi (12) të këtij ligji, më hollësisht e përcakton formën dhe përmbajtjen e kërkesës për të dhënat dhe/ose informacionet nga ERS, si dhe kushtet, forma, metoda, kontrolli dhe afatet për marrjen e të dhënave dhe/ose informacionit nga ERS."

Neni 16

Titulli para nenit 177 dhe neni 177 ndryshohen si vijon:

**"Përdorimi i të dhënave nga regjistrat bazë gjatë krijimit dhe mbajtjes së regjistrave të brendshëm të pagesave, depozitave ose llogarive dhe kasafortave të tjera dhe lëshimi i të dhënave dhe/ose informacionit nga ERS**

Neni 177

(1) Ofruesit e shërbimeve të pagesave sipas nenit 9, paragrafi (1), pikat 1), 2), 3), 5), 7), 9), 10) dhe 11) të këtij ligji janë të detyruar të regjistrojnë të dhënat e pagesës, depozitimit ose të tjera. llogaritë dhe kasafortat, në regjistrat e tyre të brendshëm, të përdorin në mënyrë elektronike dhe automatike të dhënat për personat juridikë dhe fizikë të regjistruar në regjistrat bazë të mëposhtëm, përkatësisht:

1) të dhënat për personat juridikë dhe tregtarët individualë: emri, adresa e selisë, numri i identifikimit tatimor, forma organizative dhe kodi i veprimtarisë, merren nga regjistri tregtar dhe regjistri i personave të tjerë juridikë të cilin e mban Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë së Veriut, duke shënuar numrin unik të identifikimit të subjektit (NUIS). ;

2) të dhënat për personat fizikë që janë pronarë të llogarive dhe kasafortat, pronarët e vërtetë të llogarive dhe/ose kasafortat, përfaqësuesit ligjorë dhe/ose personat e autorizuar për të punuar me llogaritë dhe kasafortat: emri dhe mbiemri, numri i identitetit të shtetasit të Republikës së Maqedonisë së Veriut ose numri i identitetit të të huajit me vendbanim të rregullt në Republikën e Maqedonisë së Veriut ose numër tjetër identifikues, adresa e vendbanimit, përkatësisht vendbanimi, data dhe vendi i lindjes dhe shtetësia merret nga Regjistri Qendror i Popullsisë i cili udhëhiqet nga Ministria e Transformimit Digjital, duke shënuar numrin e identitetit të shtetasit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, përkatësisht numrin e identitetit të të huajit me vendbanim të rregullt në Republikën e Maqedonisë së Veriut;

(2) Me përjashtim, sipas paragrafit (1) të këtij neni, ofruesit e shërbimeve të pagesave sipas nenit 9 paragrafi (1) pikat 1), 2), 3), 5), 7), 9), 10) dhe 11) të kjo me ligj, kur regjistrojnë të dhënat për pagesa, depozita apo llogari të tjera dhe kasaforta, në regjistrat e tyre të brendshëm, atyre u kërkohet të fusin manualisht të dhënat për personat juridikë dhe fizikë të huaj, duke përdorur standardin (ICAO Doc 9303) bazë. Shkronja latine, siç shkruhet në dokumentin e identifikimit të personit juridik ose fizik.

(3) Në rast të ndërprerjes teknike të funksionimit të sistemeve për mbajtjen e regjistrave bazë, ofruesit e shërbimeve të pagesave të dhënat sipas paragrafit (1) të këtij neni i fusin në regjistrat e tyre të brendshëm nga dokumenti përkatës i vlefshëm për personin fizik, përkatësisht personi juridik.

(3) Në rast të ndërprerjes teknike të funksionimit të sistemeve për mbajtjen e regjistrave bazë, ofruesit e shërbimeve të pagesave të dhënat sipas paragrafit (1) të këtij neni i fusin në regjistrat e tyre të brendshëm nga dokumenti përkatës i vlefshëm për personi fizik, përkatësisht personi juridik.

(5) Në rast të ndërprerjes teknike të funksionalitetit të sistemeve për mbajtjen e regjistrave bazë, të dhënat për personat juridikë dhe fizikë sipas paragrafit (1) të këtij neni lëshohen ashtu siç janë regjistruar për herë të fundit në ERS.

Neni 17

Pas nenit 177 shtohet titulli i ri dhe neni i ri 177-a, si vijon:

**“Regjistrimet e të dhënave personale, mbrojtja e të dhënave dhe/ose informacionin që përmban regjistrat e brendshëm dhe ERS**

Neni 177-a

(1) Për qëllime të ERS, në pajtim me këtë ligj, mblidhen, përpunohen dhe ruhen kategoritë e mëposhtme të të dhënave personale: emri dhe mbiemri, statusi i rezidentit, shtetësia, vendi i vendbanimi dhe/ose vendqëndrimi, adresa e vendbanimi dhe/ose vendqëndrimi, qyteti, numri i identifikimit të shtetasit të Republikës së Maqedonisë së Veriut ose numri i identifikimit të të huajit me vendbanim të rregullt në Republikën e Maqedonisë së Veriut ose një numër tjetër identifikimi, numri i identifikimit tatimor, data dhe vendi i lindjes, numri i llogarisë dhe/ose kasaforta, si dhe të dhëna të tjera në lidhje me lidhjen e personit fizik me llogarinë dhe/ose kasafortën dhe karakteristikat e llogarisë dhe/ose të kasafortës, të cilat më afër janë të përcaktuara me akt nënligjor sipas nenit 175 paragrafi (11) të këtij ligji.

(2) Ofruesit e shërbimeve të pagesave sipas nenit 9 paragrafi (1) pika 1), 2), 3), 5), 7), 9), 10) dhe 11) të këtij ligji, Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonia e Veriut dhe shfrytëzuesit sipas nenit 176 paragrafët (3) dhe (4) të këtij ligji, marrin masa teknike dhe organizative për mbrojtjen e të dhënave dhe informacioneve sipas nenit 176 paragrafi (3) i këtij ligji që i përpunojnë, nga humbja aksidentale, aksidentale. ose shkatërrimi i paligjshëm, qasje e paautorizuar, ndryshimi, shpërndarja, shkatërrimi ose fshirja në pajtim me rregulloret për mbrojtjen e të dhënave personale."

Neni 18

Në nenin 207 paragrafi 1 në pikën 1) numri “5” zëvendësohet me numrin “6”.

Neni 19

Në nenin 226 në paragrafin (1) fjalët “Unioni Evropian” zëvendësohen me fjalët “E vetmja zonë për pagesa në euro”.

Në paragrafin (2) fjalët “Unioni Evropian” zëvendësohen me fjalët “E vetmja zonë për pagesa në euro”.

Neni 20

“Në nenin 231 paragrafi (2) fjalët “paragrafi (8)” zëvendësohen me fjalët "paragrafi (9)".

Paragrafi (3) shlyhet.

Paragrafi (4) bëhet paragrafi (3)

Neni 21

Pas nenit 231 shtohet nen i ri 231-a si vijon:

“Neni 231-a

“(1) Ofruesit e shërbimeve të pagesave sipas nenit 9 paragrafi (1) pikat 1), 2), 3), 9), 10) dhe 11) të këtij ligji janë të detyruar të paraqesin gjendjen fillestare të të dhënave të fundit të regjistruara nga vet. regjistrat e brendshëm të llogarive dhe kasafortat për ERS brenda 60 ditëve nga dita e themelimit të ERS.

(2) Pas përfundimit të suksesshëm të bartjes së gjendjes fillestare të të dhënave sipas paragrafit (1) të këtij neni, Ministria e Financave - Administrata e të Ardhurave Publike të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Fondi për sigurim pensional dhe invalidor të Maqedonisë së Veriut janë i detyruar të dorëzojë gjendjen fillestare në të dhënat e fundit të regjistruara nga regjistrat e veta për llogaritë e pagesave me transferta kreditore hyrëse të përsëritura bazuar në të ardhurat personale në ERS brenda 90 ditëve nga dita e themelimit të ERS.

(3) Lëshimi i të dhënave dhe informacioneve nga ERS do të fillojë brenda 60 ditëve nga dita e përfundimit të transferimit të gjendjes fillestare të të dhënave sipas paragrafëve (1) dhe (2) të këtij neni."

Neni 22

Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë së Veriut është i obliguar të themelojë Regjistrin e Vetëm të Llogarive më së voni deri më 1 qershor 2025.

Neni 23

Dispozitat e pjesës së shtatë, kreut II të ligjit do të fillojnë të zbatohen jo më vonë se data 1 nëntor 2025.

Neni 24

Ofruesit e shërbimeve të pagesave sipas nenit 9 paragrafi (1) pika 2), 5) dhe 7) të Ligjit deri në ditën e fillimit të zbatimit të pjesës së shtatë të kreut II të ligjit mund të përdorin të dhënat nga regjistri i vetëm i llogarive të transaksioneve sipas nenit 15 paragrafi (3) të Ligjit të Transaksioneve Pagesore (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 ,7/19 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 31/20 dhe 39/22).

Neni 25

Dispozita, sipas nenit 5 i këtij ligji, me të cilin nenit 42 të ligjit, i shtohet paragrafi i ri (10), do të fillojë të zbatohet në afat prej gjashtë muajsh nga dita e aderimit të Republikës së Maqedonisë së Veriut në zonën e vetme për euro pagesat.

Neni 26

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit të tij në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**860.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕВИЗНОТО РАБОТЕЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за девизното работење,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 февруари 2025 година.

Бр. 08-939/1
13 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕВИЗНОТО РАБОТЕЊЕ**

Член 1

Во Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ број 34/2001, 49/2001, 103/2001, 51/2003, 81/2008, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15 и 153/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/21), членот 2 се менува и гласи:

„Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) „**Резиденти**” се:

- трговски друштва, трговци поединци и други правни лица со седиште во Република Северна Македонија и нивни претставништва во странство, освен нивни подружници во странство,
- подружници на странски друштва запишани во трговски регистар во Република Северна Македонија,
- филијали на странски банки,
- физички лица кои самостојно вршат дејност како занимање со постојано место на живеење во Република Северна Македонија и кои не се третираат за трговци според Законот за трговските друштва,
- физички лица со постојано место на живеење во Република Северна Македонија и лицата кои привремено престојуваат во странство со важечки документ за престој или за работа, за време на нивниот престој во странство,
- физички лица кои привремено престојуваат во Република Северна Македонија врз основа на важечка виза за престој, односно работна виза во траење од најмалку шест месеци и
- дипломатски, конзуларни и други претставништва на Република Северна Македонија во странство кои се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија, како и вработените во тие претставништва и членовите на нивните потесни семејства.

2) „**Нерезиденти**” се сите други лица кои не се дефинирани како резиденти.

3) „**Банка**” е правно лице со дозвола за основање и работа како банка или филијала на странска банка, кое ги исполнува условите за вршење на работи со странство согласно со Законот за банките.

4) „**Штедилница**” е правно лице со дозвола за основање и работа како штедилница согласно со Законот за банките, кое добило согласност да дава платежни услуги, со која може да извршува платежни трансакции со странство.

5) „**Овластен учесник на пазарот на хартии од вредност**" се брокерски куќи и банки кои имаат добиено одобрение за работа согласно со законот со кој се уредуваат хартиите од вредност.

6) „**Платежна институција**" е трговско друштво кое согласно со Законот за платежни услуги и платни системи (*) добило дозвола да дава платежни услуги со која може да извршува платежни трансакции со странство.

7) „**Институција за електронски пари**" е трговско друштво кое согласно со Законот за платежни услуги и платни системи (*) добило дозвола за издавање на електронски пари со која може да извршува и платежни трансакции со странство.

8) „**Овластен менувач**" е трговско друштво кое од Народната банка на Република Северна Македонија добило дозвола за вршење менувачки работи, согласно со овој закон.

9) „**Платежни трансакции со странство**" се:

- плаќања и трансфери помеѓу резиденти и нерезиденти во странски платежни средства или во денари,

- преноси помеѓу нерезиденти во странски платежни средства или во денари и

- преноси помеѓу резиденти во странски платежни средства или во денари поврзани со платежни трансакции меѓу резиденти и нерезиденти.

10) „**Физички преносливи средства за плаќање**" се патнички чекови, чекови, меници, парични уплатници и други физички преносливи средства за плаќање кои се исплаќаат на доносител или се преносливи без ограничување.

11) „**Странски платежни средства**" се девизи, ефективни странски пари, физички преносливи средства за плаќање, кредитни писма и други инструменти за плаќање кои гласат во странска валута и можат да се претвораат во странска валута.

12) „**Девизи**" се монетарни побарувања во странска валута.

13) „**Ефективни странски пари**" се парични побарувања во странска валута од централната банка која ги издала.

14) „**Кредитни писма и други инструменти за плаќање кои гласат на странска валута и можат да се претвораат во странска валута**" се монетарни побарувања од издавачот.

15) „**Хартии од вредност**" се акции издадени од акционерски друштва и од командитни друштва со акции, акции од инвестициските фондови кои работат согласно со закон, обврзници, инструменти на пазарот на пари, деривативни финансиски инструменти, потврда за странска хартија од вредност и други финансиски инструменти кои според надлежниот орган за надзор на пазарот на капитал се сметаат за хартии од вредност. Овие хартии од вредност се неограничено преносливи.

16) „**Инструменти на пазарот на пари**" се благајнички записи, комерцијални записи, државни записи, сертификати за депозити, банкарски акцепти и други хартии од вредност со рок на достасување до една година.

17) „**Деривативни финансиски инструменти**" се договори чија цена директно или индиректно зависи од цената на хартијата од вредност, странската валута, берзанскиот производ или висината на каматната стапка.

18) „**Домашни хартии од вредност**" се хартии од вредност издадени од резиденти.

19) „**Странски хартии од вредност**" се хартии од вредност издадени од нерезиденти.

20) „**Тековни трансакции**" се трансакции меѓу резиденти и нерезиденти чија цел не е трансфер на капитал. Плаќањата и трансферите за тековните трансакции вклучуваат:

- пристигнати плаќања врз основа на размена на стоки и услуги, како и вообичаените краткорочни банкарски инструменти за плаќање и кредитните инструменти кои се поврзани со размената на стоки и услуги,

- пристигнати плаќања на камата по кредити и на нето доход од други вложувања,

- отплата на умерен дел на кредити или амортизација на директни инвестиции и

- умерени дознаки за семејни животни трошоци.

21) „**Капитални трансакции**" се трансакции меѓу резидентни и нерезиденти чија цел е трансфер на капитал, како што се:

1. директни инвестиции;
2. вложување во недвижност;
3. работи со хартии од вредност;
4. трансакции со документи за удел во инвестициони фондови;
5. кредитни работи;
6. емства и гаранции;
7. вложување во инвестициско злато;
8. депозитни работи и
9. трансфери кои произлегуваат од осигурување на живот и кредитно осигурување.

22) „**Директни инвестиции**" се вложувања со кои инвеститорот има намера да воспостави трајна економска поврзаност и/или да оствари право на управување со трговското друштво или другото правно лице во кое инвестира. Како директни инвестиции се сметаат:

- основање на трговско друштво или зголемување на основната главнина на трговско друштво во целосна сопственост на инвеститорот, основање подружница или стекнување на целосна сопственост над постоечкото трговско друштво,

- учество во новоформирано или веќе постоечко трговско друштво, ако инвеститорот со тоа поседува или се здобива со повеќе од 10% учество во основниот капитал на трговското друштво, односно повеќе од 10% од правото на одлучување,

- долгорочен заем со период на достасување од пет и повеќе години, кога се работи за заем од инвеститорот и кој е наменет за трговско друштво во негова целосна сопственост и

- долгорочен заем со период на достасување од пет и повеќе години, кога се работи за заем наменет за воспоставување на трајна економска поврзаност и ако е даден меѓу економски поврзани субјекти.

23) „**Работи со хартии од вредност**" се трансакции со хартии од вредност на пазарот на капитал и пазарот на пари, вклучувајќи ги и трансакциите со документите за удел во инвестициските фондови кои не се дефинирани како директни инвестиции. Како работи со хартии од вредност се сметаат:

- издавање, регистрирање и продавање на домашни хартии од вредност во странство,

- издавање, регистрирање и продавање на странски хартии од вредност во Република Северна Македонија,

- вложување (упис, уплата и купување) на хартии од вредност во странство од страна на резиденти и

- вложување (упис, уплата и купување) во хартии од вредност во Република Северна Македонија од страна на нерезиденти.

24) „**Кредитни работи**" се трансакции на склучување на договори за кредит или договори за заем.

25) „**Емствата и гаранциите**" се кредитни работи.

26) „**Комерцијални кредити**" се кредити непосредно поврзани со меѓународниот промет на стоки и услуги, при што еден од учесниците е резидент. Како комерцијални кредити се третираат и договорените трговски кредити, како што се одложено плаќање или авансно плаќање и нивното финансирање од страна на банка. Во комерцијални кредити спаѓаат и работи на откуп на побарувања како што се факторинг, форфетинг и слично кога првичната трансакција, заради која побарувањето е настанато, има карактеристики на комерцијален кредит.

27) „**Финансиски кредити**“ се сите кредити кои не се дефинирани како комерцијални кредити.

28) „**Депозитни работи**“ се трансакции кои произлегуваат од договор за депозитна или платежна сметка меѓу нерезидент и банка или меѓу резидент и нерезидентна финансиска институција.

29) „**Трансфери при извршување на работи на осигурување на живот и кредитно осигурување**“ се трансакции кои настануваат врз основа на договор за осигурување склучен меѓу нерезидент (осигурувач) и резидент (корисник) и обратно, меѓу резидент (осигурувач) и нерезидент (корисник).

30) „**Еднострани трансфери на средства**“ се преноси на средства од странство во Република Северна Македонија и од Република Северна Македонија во странство, кои не се резултат на тековни или капитални трансакции меѓу резиденти и нерезиденти. Како еднострани трансфери се сметаат:

- личните трансфери на средства и
- физичките трансфери на средства.

31) „**Лични трансфери на средства**“ се преноси на средства од Република Северна Македонија и во Република Северна Македонија врз основа на семејни заеми, подароци, мираз, наследства, завештанија, намирување на долгови на доселеник кон матичната земја, пренос на средства на иселеник во странство, игри на среќа и заштеди на вработени лица во Република Северна Македонија кои не се резиденти.

32) „**Физички трансфери на средства**“ се преноси на платежни средства, монетарно злато и хартии од вредност од Република Северна Македонија и во Република Северна Македонија.

33) „**Монетарно злато**“ е златото кое е составен дел на девизните резерви на Република Северна Македонија и има третман на финансиски средства.

34) „**Инвестициско злато**“ е:

- злато во форма на прачки или плочки со тежина прифатена од пазарите за благородни метали и со финост еднаква или поголема од најмалку 995 промили (илјадити делови), независно дали е обезбедено со хартии од вредност и
- златни монети со финост еднаква или поголема од 900 промили (илјадити делови) што се искована по 1800 година, кои во земјата на потекло се или биле законски платежни средства и вообичаено се продаваат по цена што не надминува повеќе од 80% од вредноста на златото на слободниот пазар кое е содржано во монетата.

35) „**Златните монети продадени заради нумизматички цели**“ не се сметаат за инвестициско злато.“.

Член 2

Во членот 4 ставот 2 се менува и гласи:

„Резидентите од член 2 точка 1) од овој закон можат да имаат девизи на платежни сметки или да имаат девизни депозити кај банки и штедилници.“.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Резидентите можат да извршуваат платежни трансакции со странство преку платежни сметки отворени кај платежни институции и институции за електронски пари.“.

Ставот 3 кој станува став 4 се менува и гласи:

„Банките, штедилниците, платежните институции или институциите за електронски пари може да имаат девизи на сметки кај Народната банка на Република Северна Македонија.“.

Ставот 4 станува став 5.

По ставот 5 кој станува став 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„По исклучок од ставот 6 на овој член, извршување на трансакции во девизи е дозволено меѓу резиденти физички лица при извршување на облигациони договори, кога приливот/одливот е од/кон сметка отворена во странство согласно со закон.“.

Ставовите 6 и 7 стануваат ставови 8 и 9.

Член 3

Во членот 7 во ставот 5 зборовите: „Министерот за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за економија и труд“.

Член 4

Во членот 8 во ставот 5 зборовите: „Министерот за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за економија и труд“.

Член 5

Во членот 13 во ставот 4 зборовите: „овластените банки“ се заменуваат со зборот „банките“.

Член 6

Во членот 14 ставот 2 се брише.

Ставот 3 кој станува став 2 се менува и гласи:

„Народната банка на Република Северна Македонија ги пропишува начинот, формата и роковите за известување од страна на резидентот кој врши упис, уплатува или тргува со хартии од вредност во странство преку овластен учесник на странска берза или организиран пазар на хартии од вредност.“.

Во ставот 4 кој станува став 3 зборовите: „овластените банки“ се заменуваат со зборот „банките“.

Во ставот 5 кој станува став 4 зборовите: „Овластените банки“ се заменуваат со зборот „Банките“.

Во ставот 6 кој станува став 5 зборовите: „став 4“ се заменуваат со зборовите: „став 3“.

Во ставот 7 кој станува став 6 зборовите: „став 4“ се заменуваат со зборовите: „став 3“.

Член 7

Во членот 16 ставовите 2 и 3 се бришат.

Член 8

Во членот 20 во ставот 1 зборовите: „Овластените банки“ се заменуваат со зборот „Банките“.

Во ставот 2 зборовите: „овластени банки“ се заменуваат со зборот „банки“.

Ставот 3 се брише.

Член 9

Во членот 21 во ставот 1 зборовите: „Овластените банки“ се заменуваат со зборот „Банките“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Народната банка на Република Северна Македонија може на банките да им одобрува кредит во девизи заради непречено вршење на платежни трансакции со странство.“.

Член 10

Во членот 23 во ставот 2 зборовите: „овластени банки“ се заменуваат со зборот „банки“.

Член 11

По членот 23 се додава нов член 23-а, кој гласи:

„Член 23-а

Народната банка на Република Северна Македонија во рамки на постапката по барањето на резидентот-физичко лице за издавање одобрение за отворање или имање сметка кај странска банка, согласно со Одлуката за начинот и условите под кои резидентите коишто не се овластени банки, можат да отвораат и да имаат сметки во странство, ги обработува следните категории лични податоци: име и презиме, место и датум на раѓање, матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија, адреса на живеење, датум на издавање и рок на важење на личната карта.

Личните податоци од ставот 1 на овој член се прибираат директно од резидентот-физичко лице кое го поднело барањето за издавање одобрение за отворање или имање сметка кај странска банка.

Личните податоци од ставот 1 на овој член од денот на нивното доставување па сé до денот на нивното бришење се сметаат за доверливи и смеат да се разменуваат и даваат на користење на други лица само под услови и на начин предвидени во Законот за Народната банка на Република Северна Македонија и прописите за заштита на личните податоци.

Личните податоци од ставот 1 на овој член се обработуваат во согласност со прописите за заштита на личните податоци и се чуваат десет години по престанокот на важноста на одобрението на резидентот за отворање или имање сметка кај странска банка.".

Член 12

Во членот 24 во ставот 1 зборовите: „овластените банки" се заменуваат со зборот „банките".

Во ставот 2 зборовите: „овластената банка" се заменуваат со зборот „банката".

Член 13

Насловот на членот 26 и членот 26 се менуваат и гласат:

**„Платежни трансакции со странство**

Член 26

Платежните трансакции со странство ги извршуваат банки, штедилници, платежни институции и институции за електронски пари согласно со овој закон, Законот за банките и Законот за платежни услуги и платни системи (*).

За потребите на Република Северна Македонија платежните трансакции со странство ги извршува Народната банка на Република Северна Македонија.

Народната банка на Република Северна Македонија го пропишува начинот  за извршување платежни трансакции со странство.".

Член 14

Во членот 26-а зборовите: „платниот промет" се заменуваат со зборовите: „платежните трансакции со странство".

Член 15

Во членот 27 во ставот 2 зборовите: „домашниот платен промет" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

Член 16

Во членот 28 ставот 3 се менува и гласи:

„Банките, штедилниците, платежните институции и институциите за електронски пари не смеат да го реализираат платниот налог во странство, односно да му овозможат на корисникот располагање со приливот од странство, ако е во спротивност со став 1 на овој член.".

Член 17

Во насловот пред членот 29 зборот „чекови" се заменува со зборовите: „физички преносливи средства за плаќање".

Член 18

Во членот 29 во ставот 1 зборот „чекови" се заменува со зборовите: „физички преносливи средства за плаќање".

Во ставот 3 зборовите: „овластените банки" се заменуваат со зборот „банките".

Во ставот 4 зборот „чекови" се заменува со зборовите: „физички преносливи средства за плаќање".

Во ставот 5 зборот „чекови" се заменува со зборовите: „физички преносливи средства за плаќање".

Во ставот 6 во алинејата 1 зборот „чекови" се заменува со зборовите: „физички преносливи средства за плаќање".

Во алинејата 2 зборот „чекови" се заменува со зборовите: „физички преносливи средства за плаќање".

Во алинејата 3 зборот „чекови" се заменува со зборовите: „физички преносливи средства за плаќање".

Во алинејата 4 зборот „чекови" се заменува со зборовите: „физички преносливи средства за плаќање".

Во алинејата 5 зборот „чекови" се заменува со зборовите: „физички преносливи средства за плаќање".

Член 19

Во членот 31 во ставот 2 зборовите: „Овластените банки" се заменуваат со зборот „Банките".

Во ставот 4 зборовите: „овластени банки и менувачници" се заменуваат со зборовите: „банки и овластени менувачи".

Во ставот 6 зборот „менувачници" се заменува со зборовите: „овластени менувачи".

Член 20

Во членот 36 во ставот 2 зборот „овластување" се заменува со зборовите: „дозвола за вршење менувачки работи".

Член 21

Во членот 36-а  во ставот 1 во воведната реченица зборот „овластување" се заменува со зборот „дозвола".

Точката 3) се менува и гласи:

„во последните три надзори менувачките работи ги извршува спротивно на прописите донесени врз основа на овој закон и/или ги повторува неправилностите утврдени при претходниот надзор;".

Во точката 4) точката и запирката на крајот од реченицата се заменуваат со сврзникот „и".

Точката 5) се брише.

Точката 6) која станува точка 5) се менува и гласи:

„подолго од 30 дена неоправдано не извршува менувачки работи и до Народната банка на Република Северна Македонија не доставил соодветен доказ за привремена спреченост за вршење менувачки работи согласно Одлуката за менувачките работи;".

Член 22

По членот 36-а се додава нов член 36-б, кој гласи:

„Член 36-б

Народната банка на Република Северна Македонија во рамки на постапката по барањето за издавање дозвола за вршење менувачки работи, согласно Одлуката за менувачките работи, ги обработува следните категории лични податоци: име и презиме, број на телефон, место и датум на раѓање, матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија, адреса на живеење или адреса на престој, датум на издавање и рок на важење на личната карта, датум и место на издавање, рок на важење и број на дозвола за престој и државјанство.

Во рамки на постапката по барањето од ставот 1 на овој член се врши обработка на личните податоци на физички лица резиденти/нерезиденти кои се основачи, содружници, сопственици, вистински сопственици и одговорни лица на трговското друштво кое го поднело барањето за издавање дозвола за вршење менувачки работи или се вработени лица во трговското друштво кои ќе вршат менувачки работи по добивањето на дозволата за вршење на менувачки работи.

Личните податоци од ставот 1 на овој член се прибираат директно од трговското друштво кое го поднело барањето за издавање дозвола за вршење менувачки работи.

Покрај личните податоци од ставот 1 на овој член, за физичките лица од ставот 2 на овој член се прибираат и обработуваат и лични податоци за изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност и податоци од казнената евиденција кои Народната банка на Република Северна Македонија ги обезбедува по службена должност.

Личните податоци од ставот 1 на овој член од денот на нивното доставување па сé до денот на нивното бришење се сметаат за доверливи и смеат да се разменуваат и даваат на користење на други лица само под услови и на начин утврдени во Законот за Народната банка на Република Северна Македонија и прописите за заштита на личните податоци.

Личните податоци од ставот 1 на овој член се обработуваат во согласност со прописите за заштита на личните податоци и се чуваат десет години по укинувањето на дозволата за вршење менувачки работи.“.

Член 23

Во членот 40 во ставот 1 зборовите: „да известуваат” се заменуваат со зборовите: „да ги известуваат Народната банка на Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Министерството за економија и труд”, а зборовите: „овластени банки“ се заменуваат со зборовите: „банки, штедилници, платежни институции, институции за електронски пари“.

Во ставот 2 зборовите: „Народната банка на Република Северна Македонија и на Министерството за финансии“ се заменуваат со зборовите: „Народната банка на Република Северна Македонија, на Министерството за финансии и на Министерството за економија и труд“.

Ставот 3 се менува и гласи:

„Народната банка на Република Северна Македонија, министерот за финансии и министерот за економија и труд во рамките на своите овластувања ги пропишуваат начинот, формата и рокот за известување.“.

По ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Народната банка на Република Северна Македонија известувањата од ставот 1 на овој член ги прибира за статистички цели.“.

Член 24

Поднасловот „8.2. Известување за работа со хартии од вредност” и членот 41 се бришат.

Член 25

Во членот 42 во ставот 2 зборовите: „начинот и условите” се заменуваат со зборовите: „начинот, формата и рокот”.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Народната банка на Република Северна Македонија извештаите од ставот 1 на овој член ги прибира за статистички цели.“.

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 4 и 5.

Член 26

По членот 42 се додава нова глава 8-а Обработка на лични податоци и нов член 42-а, кои гласат:

**„8-а Обработка на лични податоци**

Член 42-а

Народната банка на Република Северна Македонија преку доставеното известување за вложувањата во или од странство и извештајот за склучените кредитни работи ги обработува следните категории лични податоци:

а) име и презиме на физичкото лице, адреса и седиште на физичкото лице, процент на учество во капиталот на правното лице во кое се инвестира, вид на вложување, состојба и промени на капиталот и меѓукомпанискиот долг, елементи на договорот за кредит, вид, намена и обезбедување на кредитот, елементи на главнината, каматата и трошоците по кредитот, кога една од договорните страни во кредитната работа е физичко лице (за кредитор/доверител физичко лице) и

б) име и презиме, електронска адреса и телефонски број на лицето определено за контакт во рамки на правното лице – известувач, кога една од договорните страни во кредитната работа е правно лице.

Во рамки на доставените известувања и извештаи од ставот 1 на овој член се врши обработка на личните податоци на физички лица резиденти или нерезиденти кои склучиле договор за кредит со нерезиденти или резиденти или вложиле во или од  странство. За потребите на известувањето се обработуваат и лични податоци на лицата за контакт во рамки на правните лица-известувачи.

Личните податоци од известувањата и извештаите од ставот 1 на овој член од денот на нивното внесување па сé до денот на нивното бришење се сметаат за доверливи и смеат да се разменуваат и даваат на користење на други лица само под услови и на начин утврдени во Законот за Народната банка на Република Северна Македонија и прописите за заштита на личните податоци.

Личните податоци содржани во известувањата и извештаите од ставот 1 на овој член се обработуваат во согласност со прописите за заштита на личните податоци и се чуваат:

- осум години по приемот на известувањето и извештајот за вложувањата во странство и
- десет години по подмирувањето на сите побарувања и обврски согласно условите од договорот за кредит.“.

Член 27

Во членот 43 зборовите: „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 28

Членот 45 се менува и гласи:

„Народната банка на Република Северна Македонија врши надзор над девизното работење на банките, штедилниците, платежните институции, институциите за електронски пари и на овластените менувачи на кои им издала дозвола за работа“.

Член 29

Во членот 46-а зборот „чекови” се заменува со зборовите: „физички преносливи средства за плаќање”.

Член 30

Во членот 50 во ставот 1 зборовите: „Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен “.

Член 31

Во член 51 ставот 5 се брише.

Ставот 6 станува став 5.

Член 32

Во членот 56 став 1 во точката 4) точката и запирката на крајот од реченицата се заменуваат со сврзникот „и“.

Во точката 5) зборовите: „(член 14 ставови 2 и 3) и“ се заменуваат со зборовите: „(член 14 став 2).“.

Точката 6) се брише.

Член 33

Во членот 56-а став 1 во точката 1) зборовите: „ставови 1, 5, 6 и 7“ се заменуваат со зборовите: „ставови 1, 6, 7 и 8“.

Точката 2) се менува и гласи:

„држи девизи на платежна сметка или девизни депозити или извршува платежни трансакции со странство преку платежни сметки кај институции кои немаат овластување согласно закон (член 4 ставови 2 и 3);“.

Точката 15) се менува и гласи:

„платежните трансакции со странство ги вршат спротивно на начинот пропишан од Народната банка на Република Северна Македонија (член 26);“.

Во точката 21) зборот „менувачница“ се заменува со зборовите: „овластен менувач“.

Член 34

Во членот 56-б став 1 во точката 3) точката и запирката на крајот од реченицата се заменуваат со сврзникот „и”.

Точката 4) се брише.

Точката 5) станува точка 4).

Член 35

Во членот 56-в во став 1 зборот „чекови” се заменува со зборовите: „физички преносливи средства за плаќање”.

Во ставот 2 зборот „чекови” се заменува со зборовите: „физички преносливи средства за плаќање”.

Член 36

Во членот 57 во ставот 2 зборот „чекови” се заменува со зборовите: „физички преносливи средства за плаќање”.

Член 37

Во членот 57-в во ставот 7 зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 38

Во членот 59 во ставот 1 зборовите: „ставови 4, 5, 6 и 7“ се заменуваат со зборовите: „ставови 3, 4, 5 и 6“.

Во ставот 2 зборовите: „ставови 4 и 5“ се заменуваат со зборовите: „ставови 3 и 4“.

Член 39

Резидентите и нерезидентите, кои имале вложувања во недвижности во странство, односно во Република Северна Македонија, кои во рокот утврден во член 59-а од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ број 34/2001, 49/2001, 103/2001, 51/2003, 81/2008, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/21), не извршиле упис во Регистарот на вложувања во недвижности на резидентите во странство и Регистарот на вложувања во недвижности на нерезидентите во Република Северна Македонија, ќе можат да извршат упис во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Вложувањата во недвижности од ставот 1 на овој член, Централниот регистар на Република Северна Македонија ќе ги запише во Регистарот на вложувања во недвижности на резидентите во странство и Регистарот на вложувања во недвижности на нерезидентите во Република Северна Македонија, како стари вложувања.

Член 40

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 41

Одредбите од членот 2 од овој закон со кој во членот 4 се менуваат ставовите 2 и 3, а кои се однесуваат на штедилниците ќе започнат да се применуваат од 1 април 2025 година.

Член 42

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PUNË DEVIZORE**

Neni 1

Në Ligjin për Punë Devizore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15, 23/16 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 110/21), neni 2 ndryshohet si vijon:

“Terma të veçanta të përdora në këtë ligj kanë këtë kuptim:

1) "**Rezidentë**" janë:

- shoqëritë tregtare, tregtarët individualë dhe personat e tjerë juridikë me seli në Republikën e Maqedonisë së Veriut dhe përfaqësitë e tyre jashtë vendit, përveç filialeve të tyre jashtë vendit;
- filialet e shoqërive të huaja të regjistruara në regjistrin tregtar në Republikën e Maqedonisë së Veriut;
- filialet e bankave të huaja;
- personat fizikë të cilët në mënyrë të pavarur kryejnë veprimtari si profesion me vendbanim të përhershëm në Republikën e Maqedonisë së Veriut dhe të cilët nuk trajtohen si tregtarë sipas Ligjit për Shoqëritë Tregtare;
- personat fizikë me vendbanim të përhershëm në Republikën e Maqedonisë së Veriut dhe personat që qëndrojnë përkohësisht jashtë vendit me dokument të vlefshëm vendbanimi ose pune, gjatë qëndrimit të tyre jashtë vendit;
- personat fizikë të cilët përkohësisht qëndrojnë në Republikën e Maqedonisë së Veriut në bazë të vizës së vlefshme të qëndrimit, gjegjësisht vizës së punës në kohëzgjatje së paku gjashtë muaj dhe
- përfaqësitë diplomatike, konsullore dhe të tjera të Republikës së Maqedonisë së Veriut jashtë vendit që financohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut, si dhe punonjësit e atyre përfaqësive dhe anëtarët e familjeve të tyre të afërta.

2) "**Jorezidentë**" janë të gjithë personat e tjerë që nuk përcaktohen si rezidentë.

3) "**Bankë**" është person juridik me licencë për të themeluar dhe operuar si bankë ose filial e bankës së huaj, i cili i plotëson kushtet për të bërë punë jashtë vendit në përputhje me Ligjin për bankat.

4) “**Banka e Kursimeve**” është person juridik me licencë për themelimin dhe veprimtarinë si bankë kursimi në përputhje me Ligjin për Bankat, i cili ka marrë pëlqimin për ofrimin e shërbimeve të pagesave, me të cilat mund të kryejë transaksione pagesash jashtë vendit.

5) "**Pjesëmarrës i autorizuar në tregun e letrave me vlerë**" janë shtëpitë e brokerimit dhe bankat që kanë marrë miratimin për të vepruar në përputhje me ligjin që rregullon letrat me vlerë.

6) “**Institucioni i pagesave**” është shoqëri tregtare, e cila, në përputhje me Ligjin për shërbimet e pagesave dhe sistemet e pagesave (*), ka marrë licencën për të ofruar shërbime pagesash me të cilat mund të kryejë transaksione pagesash jashtë vendit.

7) “**Institucioni i parasë elektronike**” është shoqëri tregtare, e cila, në përputhje me Ligjin për shërbimet e pagesave dhe sistemet e pagesave (*), ka marrë leje për emetimin e parasë elektronike me të cilën mund të kryejë transaksione pagesash jashtë vendit.

8) "**Këmbyes i autorizuar i parave**" është shoqëri tregtare e cila ka marrë licencë nga Banka Popullore e Republikës së Maqedonisë së Veriut për të kryer punë të këmbimit, në pajtim me këtë ligj.

9) “**Transaksionet e pagesave jashtë vendit**” janë:

- pagesat dhe transfertat ndërmjet rezidentëve dhe jorezidentëve në mjete të huaja të pagesës ose në denarë,
- transfertat ndërmjet jorezidentëve në mjete të huaja të pagesës ose në denarë dhe
- transfertat ndërmjet rezidentëve në mjete të huaja të pagesës ose në denarë lidhur me transaksionet e pagesave ndërmjet rezidentëve dhe jorezidentëve.

10 "**Mjete pagesore të transferueshme fizikisht**" janë çeqet e udhëtimit, çeqet, kambialet, fletëpagesat e parave dhe mjetet e tjera fizike të transferueshme të pagesës që janë të pagueshme te prurësi ose janë të transferueshme pa kufizime.

11) "**Mjete të huaja pagesore**" janë devizat, paratë e huaja efektive, mjetet fizike të transferueshme të pagesës, letrat e kreditit dhe instrumentet e tjera të pagesave të shprehura në valutë të huaj dhe që mund të konvertohen në valutë të huaj.

12) "**Deviza**" janë pretendimet monetare në valutë.

13) "**Para të huaja efektive**" janë pretendimet monetare në valutë nga banka qendrore që i ka emetuar.

14) "**Letër kreditë dhe instrumente të tjera pagesore të shprehura në valutë të huaj dhe të konvertueshme në valutë**" janë pretendime monetare nga emetuesi.

15) "**Letra me vlerë**" janë aksionet e emetuara nga shoqëritë aksionare dhe shoqëritë komandite me aksione, aksionet nga fondet e investimeve që operojnë në përputhje me ligjin, obligacionet, instrumentet në tregun e parasë, instrumentet financiare derivative, certifikatat për letrat me vlerë të huaja dhe të tjera financiare, instrumente të cilat sipas autoritetit kompetent për mbikëqyrjen e tregut të kapitalit konsiderohen letra me vlerë. Këto letra me vlerë janë pafundësisht të transferueshme.

16) "**Instrumentet e tregut të parasë**" janë bonot e thesarit, bonot tregtare, bonot e qeverisë, certifikatat e depozitave, pranimet bankare dhe letrat e tjera me vlerë me afat maturimi deri në një vit.

17) "**Instrumente financiare derivative**" janë marrëveshjet, çmimi i të cilave varet drejtpërdrejt ose tërthorazi nga çmimi i letrës me vlerë, valuta, produkti i bursës ose shuma e normës së interesit.

18) "**Letra me vlerë të brendshme**" janë letrat me vlerë të emetuara nga rezidentët.

19) "**Letra me vlerë të huaja**" janë letrat me vlerë të emetuara nga jorezidentë.

20) "**Transaksione aktuale**" janë transaksionet ndërmjet rezidentëve dhe jorezidentëve, qëllimi i të cilave nuk është transferimi i kapitalit. Pagesat dhe transfertat për transaksionet aktuale përfshijnë:

- pagesat e marra në bazë të shkëmbimit të mallrave dhe shërbimeve, si dhe instrumentet e zakonshme bankare afatshkurtra për instrumentet e pagesave dhe kredisë që lidhen me shkëmbimin e mallrave dhe shërbimeve;
- ka marrë pagesa të interesit për kredi dhe të ardhura neto nga investime të tjera;
- shlyerja e pjesës së konsiderueshme të kredive ose amortizimi i investimeve direkte dhe
- remitanca të konsideruara për shpenzimet e jetesës familjare.

21) "**Transaksione kapitale**" janë transaksionet ndërmjet rezidentëve dhe jorezidentëve, qëllimi i të cilave është transferimi i kapitalit, si p.sh.:

1. investimet direkte;
2. investimi në pasuri të paluajtshme;
3. punon me letra me vlerë;
4. transaksionet me dokumente për aksione në fondet e investimeve;
5. punët e kredisë;
6. garancitë;
7. investimi në arin investues;
8. punimet e depozitimit dhe
9. transfertat që rrjedhin nga sigurimi i jetës dhe sigurimi i kredisë.

| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

**871.**

Врз основа на член 12 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 февруари 2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА АМБАСАДАТА НА РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава на времено користење дел од недвижни ствари – деловни простории на Амбасадата на Република Франција во Република Северна Македонија – Скопје, а за потребите на Француската Алијанса во Би-

тола, кои се наоѓаат на КП бр. 12899, КО Битола, запишани во Имотен лист бр. 32680, сопственост на Република Северна Македонија, и тоа:

- деловни простории бр.45, бр.46 и бр.56 со површина од 37,68 м2, кои се дел од вкупната површина од 210 м2, во зграда бр.1, намена на зграда В3-9, влез 1, кат К1, кои се наоѓаат на ул. „Ленинова" бр.39 во Битола и
- деловна посторија бр.58, со површина од 70 м2, која е дел од вкупната површина од 282 м2, во зграда бр.2, намена на зграда В3-10, влез 1, кат К1, број 1, која се наоѓа на ул.„Климент Охридски" бр.27 во Битола.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат без надомест на времено користење за период од шест години од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-1833/4
18 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**872.**

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 од Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.77/21, 215/21, 295/21, 150/22 и 16/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈАТА НА МАЛО**

Член 1

Со оваа одлука се определуваат највисоките цени во трговијата на големо и трговијата на мало на следните производи:

- бел и полубел леб, векна, индустриски тип од 350 г до 500 г (цел и на парчиња), со исклучок на свежо печен леб во маркетите;
- брашно пченично, тип 400 во пакување од 1 кг до 2 кг;
- брашно пченично, тип 500 во пакување од 1 кг до 2 кг;
- трајно кравјо млеко (освен органско млеко и млеко со додатоци) со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%, во пакување од 1 л;
- јогурт од кравјо млеко обичен, без додатоци, со масленост од 2,8% до 3,2%, во пакување од 1 кг и 1,5 кг;
- кисело кравјо млеко (обично, без додатоци) со масленост од 2,8% и 3,2 %, во пакување од 300 г до 500 г;
- свежи јајца од кокошка и
- масло за јадење од сончоглед.

Највисоките цени на производите од ставот 1 на овој член се утврдуваат на нивото на цените кои се применувале во трговијата на големо и трговијата на мало на 1 февруари 2025 година.

Член 2

Највисоките цени на производите од членот 1 од оваа одлука ќе се применуваат до 30 април 2025 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-1910/5
18 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**873.**

Врз основа на член 93 став (5) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20 и 3/25), министерот за образование и наука донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ПЕДАГОШКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

Член 1

Во Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во основното училиште („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 28/20, 48/21, 42/22, 176/23 и 190/24), во член 19-а во ставот 2 зборовите „секој месец во текот на наставната година" се заменуваат со зборовите „секоја учебна година".

Член 2

Образецот бр. 12 се заменува со нов Образец бр. 12, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 18-3150/1
17 февруари 2025 година
Скопје

Министерка за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска,** с.р.

Образец бр. 12

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

_______________________________________________________________
(име на основното училиште и место)

_________________________________ Главна книга бр. _____________/20___ година
(општина)

# ДОДАТОК НА СВИДЕТЕЛСТВО

_______________________________________________________________
(име и презиме на ученикот/ученичката)

син/ќерка на _________________________ роден/а на ______________________ година
(име на родителот/старателот)

во _________________________________ општина ______________________________

држава _______________________________________ државјанство _______________

_______________________________________________________________

во учебната 20____/20____ година по _______________ пат учеше во ____________________
(со букви) (со римски број и со букви)

одделение на основното училиште.

Опис на постигањата и стекнатите компетенции во изборните предмети, општествено-корисната работа, учеството во натпревари, ученичките акции и други воннаставни активности

| |
|---|
| |

стр. 1

Во ____________________________ ______________ 20____ година. Дел. бр. ____________________
(место) (датум)

Одделенски наставник/
Раководител на паралелката, М. П. Директор,

_______________________________________ ________________________

_______________________________________

Училиштето е верифицирано со акт број ______________________________________ од __________________ година
на Министерството за образование и наука.

Në bazë të nenit 93 paragrafi (5) të Ligjit për Arsimin Fillor („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 161/19, 229/20 dhe 3/25), ministrja e Arsimit dhe e Shkencës miratoi

**RR E G U LL O R E**

**PËR NDRYSHIMIN E RREGULLORES PËR FORMËN, PËRMBAJTJEN DHE MËNYRËN E UDHËHEQJES SË DOKUMENTACIONIT DHE EVIDENCËS PEDAGOGJIKE NË SHKOLLËN FILLORE**

Neni 1

Në Rregulloren për formën, përmbajtjen dhe mënyrën e udhëheqjes së dokumentacionit dhe evidencës pedagogjike në shkollën fillore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 28/20, 48/21, 42/22, 176/23 dhe 190/24), në nenin 19 – të në paragrafin 2 fjalët „secilin muaj gjatë vitit mësimor'' zëvendësohen me fjalët „secilin vit shkollor''.

Neni 2

Formulari. nr. 12 zëvendësohet me Formularin e ri nr. 12, i cili i bashkëngjitet dhe është pjesë përbërëse e kësaj rregulloreje.

Neni 3

Kjo rregullore hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e publikimit në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

Nr. 18-3150/1
17.2.2025
Shkup

Ministër
i Arsimit dhe Shkencës,
Pr. Dr. **Весна Јаневска,** d.v.

Образец бр. 12 / Formulari nr. 12

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

________________________________________
(име на основното училиште и место/emri i shkollës fillore dhe vendi)

____________________
(општина / Komuna)

Главна книга бр. ________________/20____ година
Libri amzë nr. viti

## ДОДАТОК НА СВИДЕТЕЛСТВО / DËFTESË SHTESË

________________________________________
(име и презиме на ученикот/ученичката / emri e mbiemri i nxënësit/nxënëses )

син/ќерка на ________________________ роден/а на ________________ година
biri i/bija e (име на родителот/старателот / emri i prindit/tutorit) i/e lindur më viti

во ________________________ општина ________________________
në Komuna

држава ____________________________ државјанство ________________
shteti shtetësia

________________________________________

во учебната 20____/20____ година по ________________ пат учеше во ____________________
në vitin shkollor për herë të (со букви / me shkronja) mësoi në klasën (со римски број и со букви / me numër romak dhe me shkronja)
одделение на основното училиште. / të shkollës fillore.

Опис на постигањата и стекнатите компетенции во изборните предмети, општествено-корисната работа, учеството во натпревари, ученичките акции и други вонnаставни активности
Përshkrimi i arritjeve dhe kompetencave të fituara në lëndët zgjedhore, punë me dobi shoqërore, pjesëmarrje në gara, aksionet e nxënësve dhe aktivitete të tjera jashtëmësimore

| |
|---|
| |

Во ______________________________ ________________ 20____ година. Дел. бр. ______________________
Në (место / vendi) (датум / data ) Nr. i prot.

Одделенски наставник / Mësimdhënësi klasor
Раководител на паралелката, / Udhëheqësi i paraleles,
_______________________________________
_______________________________________

М. П.
V. V.

Директор,
Drejtori,
______________________________

Училиштето е верифицирано со акт број ______________________________________ од ________________________ година
Shkolla është verifikuar me numër akti më viti
на Министерството за образование и наука.
nga Ministria e Arsimit dhe e Shkencës.

**874.**

Врз основа на член 23 став 5 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), министерот за образование и наука донесе

**К А Л Е Н Д А Р**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА КАЛЕНДАРОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА ВО ЈАВНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА**

Член 1

Во Календарот за организација на учебната 2024/2025 година во јавните средни училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 164/24 и 182/24), во член 6 став 1 алинеите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, турски јазик и литература, односно српски јазик и литература на 31 мај 2025 година, со почеток во 10 часот;

- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик, италијански јазик, односно математика на 11 јуни 2025 година, со почеток во 10 часот.“

Во ставот 2 алинеите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, турски јазик и литература, односно српски јазик и литература на 12 август 2025 година, со почеток во 10 часот;

- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик, италијански јазик, односно математика на 14 август 2025 година, со почеток во 10 часот.“

Во ставот 3 алинеите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, турски јазик и литература, односно српски јазик и литература на 31 мај 2025 година, со почеток во 10 часот;

- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик, италијански јазик, филозофија, односно естетика на 11 јуни 2025 година, со почеток во 10 часот.“

Во ставот 4 алинеите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, турски јазик и литература, односно српски јазик и литература на 12 август 2025 година, со почеток во 10 часот;

- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик, италијански јазик, филозофија, односно естетика на 14 август 2025 година, со почеток во 10 часот.“

Член 2

Овој календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-3081/1
14 февруари 2025 година
Скопје

Министерка за образование и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска,** с.р.

Në bazë të nenit 23 paragrafit 5 të Ligjit për Arsimin e Mesëm (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 65/03, 65/03, 65/05, 07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 116/14, 116/14, 116/14 15, 30/16, 127/16, 67/17 dhe 64/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 229/20), ministri i Arsimit dhe Shkencës solli

**K A L E N D A R**
**PËR NDRYSHIMIN E KALENDARIT PËR ORGANIZIMIN E VITIT SHKOLLOR 2024/2025 NË SHKOLLAT E MESME PUBLIKE**

Neni 1

Në kalendarin për organizimin e vitit shkollor 2024/2025 në shkollat e mesme publike (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 164/24 dhe 182/24), në nenin 6 paragrafin 1, alinea 1 dhe 2 ndryshohen si vijon:

„- gjuhë dhe letërsi maqedonase, gjuhë dhe letërsi shqipe, gjuhë dhe letërsi turke, gjegjësisht gjuhë dhe letërsi serbe më 31 maj 2025, duke filluar nga ora 10:00;

- gjuhë angleze, gjuhë frenge, gjuhë gjermane, gjuhë ruse, gjuhë italiane gjegjësisht matematikë më 11 qershor 2025, duke filluar nga ora 10:00.“

Në paragrafin 2, alinea 1 dhe 2 ndryshohen si vijon:

„- gjuhë dhe letërsi maqedonase, gjuhë dhe letërsi shqipe, gjuhë dhe letërsi turke, gjegjësisht gjuhë dhe letërsi serbe më 12 gusht 2025, duke filluar nga ora 10:00;

- gjuhë angleze, gjuhë frenge, gjuhë gjermane, gjuhë ruse, gjuhë italiane, gjegjësisht matematikë më 14 gusht 2025, duke filluar nga ora 10:00;

Në paragrafin 3, alinea 1 dhe 2 ndryshohen si vijon:

- gjuhë dhe letërsi maqedonase, gjuhë dhe letërsi shqipe, gjuhë dhe letërsi turke, ose gjuhë dhe letërsi serbe më 31 maj 2025, duke filluar nga ora 10:00;

- gjuhë angleze, gjuhë frenge, gjuhë gjermane, gjuhë ruse, gjuhë italiane, filozofi, gjegjësisht estetikë më 11 qershor 2025, duke filluar nga ora 10:00”.

Në paragrafin 4 alinea 1 dhe 2 ndryshohen si vijon:

- gjuhë dhe letërsi maqedonase, gjuhë dhe letërsi shqipe, gjuhë dhe letërsi turke, gjegjësisht gjuhë dhe letërsi serbe më 12 gusht 2025, duke filluar nga ora 10:00;

- gjuhë angleze, gjuhë frenge, gjuhë gjermane, gjuhë ruse, gjuhë italiane, filozofi, gjegjësisht estetikë më 14 gusht 2025, duke filluar nga ora 10:00”.

Neni 2

Ky kalendar hyn në fuqi të nesërmen nga dita e publikimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut”.

Nr. 13-308/1
14.2.2025
Shkup

Ministër
i Arsimit dhe Shkencës,
Pr. Dr. **Весна Јаневска,** d.v.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ

**875.**

Врз основа на член 44 став (5) и член 48 став (1) од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24 и 170/24), ја приложуваме следната

**Л И С Т А**
**НА КАТЕГОРИЗИРАНИ СПОРТИСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОД ЈУЛИ-ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА**

| Ред. Бр. | Име и презиме на категоризираниот спортист | Стекната спортска категорија | Остварен резултат на официјални меѓународни натпревари кои се во календарот на европските и светските асоцијации и државни првенства |
|---|---|---|---|
| 1. | Драгослав Кудрановиќ | Спортист од меѓународна категорија | Спортско стрелаштво-за исполнета норма во дисциплината 10метри-воздушна пушка сениори-мажи со 60 истрели на ЕП во Минхен, Германија, одржано од 31.05.2024 година до 08.06.2024 година, согласно Табела 5, која е составен дел од Правилникот за категоризација на спортистите од РМ |
| 2. | Дрита Ислами | Спортист од меѓународна категорија | Атлетика-за исполнета норма во дисциплината 400м. со пречки, на меѓународен атлетски митинг во организација на ЕА и СА, одржан на 03.08.2024 година во Брисел, Белгија, согласно Табела 1, која е составен дел од Правилникот за категоризација на спортистите од РМ |
| 3. | Силвио Мировски | Спортист од меѓународна категорија | Кикбокс маитаи-за освоено 1-во место со три последователни победи за постари јуниори, во дисциплината лоу кик, во тежинска категорија до 71кг, на ЕП, во Будимпешта, Унгарија, одржано од 23.08.2024 година до 01.09.2024 година |
| 4. | Стефан Стојановиќ | Спортист од светска категорија | Карате-за освоено 3-то место во дисциплината борби, тежинска категорија над 84кг., за мажи, на СП за кадети, јуниори и помлади сениори У21, во Лидо ди Јесоло, Италија, во периодот од 09-13.10.2024 година |
| 5. | Тони Лазов | Спортист од светска категорија | Шах-за освоено 2-ро место на 45-та Шаховска Олимпијада за сениори, во машка конкуренција, индивидуално, во генерален конечен пласман во Будимпешта, Унгарија, во периодот од 11-22.09.2024 година |
| 6. | Бобан Илиоски | Спортист од меѓународна категорија | Кикбокс-маитаи-за освоено 1-во место на ЕП за сениори, во тежинска категорија до 86кг., со три последователни победи, одржано во Атина, Република Грција, во периодот од 01-10.11.2024 година |
| 7. | Филип Панчевски | Спортист од меѓународна категорија | Шах-за освоено 2-ро место во генерален-конечен пласман во индивидуална конкуренција-мажи, на 39-от Европски клупски Куп во шах (куп на европски шампиони), во Врњачка Бања-Република Србија, во периодот од 19-26.10.2024 година |
| 8. | Никола Ѓуретановиќ | Спортист од меѓународна категорија | Пливање-за исполнета норма во дисциплината 400м. мешано, на меѓународен натпревар во организација на ЛЕН, одржан од 21-22.12.2024 година, во Ниш, Република Србија, согласно Табела 3 која е составен дел од Правилникот за категоризација на спортистите од РМ |

Бр. 08-283/2
4 февруари 2025 година
Скопје

Министер,
**Борко Ристовски**, с.р.

**876.**

Врз основа на член 44 став (5) и член 48 став (1) од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24 и 170/24), ја приложуваме следната

**Л И С Т А**
**НА СТРУЧНИ ЛИЦА И ТРЕНЕРИ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ ВО РАБОТАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА КАТЕГОРИЗИРАНИ СПОРТИСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОД ЈУЛИ-ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА**

| Ред. Бр. | Име и презиме на стручното лице | учество во работа за остварување на спортски резултат | Остварен резултат на официјални меѓународни натпревари кои се во календарот на европските и светските асоцијации и државни првенства |
|---|---|---|---|
| 1. | Јордан Тасевски | Клупски тренер | за учество и остварена норма на спортист на ЕП за сениори во спортско стрелаштво, во Минхен, Германија, одржано од 31.05.2024 година до 08.06.2024 година |
| 2. | Валентина Ѓоџоска | Селекторка на националниот тим во спортско стрелаштво | за учество и остварена норма на спортист на ЕП за сениори во спортско стрелаштво, во Минхен, Германија, одржано од 31.05.2024 година до 08.06.2024 година |
| 3. | Александра Војнеска Зикова | Клупски тренер | За учество и остварена норма на спортистка на меѓународен атлетски митинг во организација на ЕА и СА, во Брисел, Белгија, одржан на 03.08.2024 година |
| 4. | Дејан Митровски и Драган Атанасовски | Селектори на националнит тим во кикбокс и маитаи | за учество и остварен пласман на спортист на ЕП за постари јуниори во кикбокс, во Будимпешта, Унгарија, одржано од 23.08.2024 година до 01.09.2024 година |
| 5. | Драган Атанасовски | Клупски тренер | за учество и остварен пласман на спортист на ЕП за постари јуниори во кикбокс, во Будимпешта, Унгарија, одржано од 23.08.2024 година до 01.09.2024 година |
| 6. | Бошко Заборски | Клупски тренер | за учество и остварен пласман на спортист на СП за кадети, јуниори и помлади сениори У21 во карате, во Лидо ди Јесоло, Италија, во периодот од 09-13.10.2024 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Петар Белистојаноски | Селектор на националеn тим во карате за постари сениори У21 | за учество и остварен пласман на спортист на СП за кадети, јуниори и помлади сениори У21 во карате, во Лидо ди Језоло, Италија, во периодот од 09-13.10.2024 година |
| 8. | Трајко Недев | Клупски тренер | за учество и пласман на спортист на ШО за сениори во шах, во Будимпешта, Унгарија, во периодот од 11-29.09.2024 година |
| 9. | Атанас Кизов | Селектор на националниот тим во шах | за учество и пласман на спортист на ШО за сениори во шах, во Будимпешта, Унгарија, во периодот од 11-29.09.2024 година |
| 9. | Дејан Митровски и Драган Атанасовски | Стручен штаб на националниот тим во кикбокс-маитаи | за учество и пласман на спортист на ЕП за сениори во кикбокс-маитаи, во Атина, Република Грција, во периодот од 01-10.112024 година |
| 10. | Дејан Митровски | Клупски тренер | за учество и пласман на спортист на ЕП за сениори во кикбокс-маитаи, во Атина, Република Грција, во периодот од 01-10.11.2024 година |
| 11. | Влатко Богдановски | Клупски тренер | за учество и пласман на спортист на 39-от Европски клупски куп во шах, во Врњачка Бања, Република Србија, во периодот од 19-26.10.2024 година |
| 12. | Горан Стаменов | Клупски тренер | За учество и остварена норма на спортист на меѓународен пливачки натпревар во организација на ЛЕН, во Ниш, Република Србија, одржан од 21-22.12.2024 година |

Бр. 08-283/3
4 февруари 2025 година
Скопје

Министер,
**Борко Ристовски**, с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**877.**

Врз основа на член 11, став (1), алинеја 4 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 155/24), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности на седницата одржана на 29.11.2024 година донесе

## Г О Д И Ш Н А  П Р О Г Р А М А
## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ ЗА 2025 ГОДИНА

Предметот, видовите, обемот на работа и начинот на спроведување на оваа програма се со цел Агенција за катастар на недвижности (во натамошниот текст: АКН) да ги реализира приоритетите и целите утврдени во стратешкиот план.

Годишната програма за реализација на стратешкиот план на АКН за 2025 година е во насока на реализација на стратешките приоритети за 2024 - 2028 година кои се однесуваат на обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување владеење на правото, економско заживување на државата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого, унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност, интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија, сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици, професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ-секторот, вештачката интелигенција, иновациите и стартап екосистем, создавање амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени и целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности.

Во 2025 година ќе продолжат активностите за изготвување стратегија за ставање во примена на нови државни геодетски референтни системи и нова државна картографска проекција. Геодетската референтна инфраструктура ќе биде предмет на редовно одржување и надградба во согласност со актуелните технолошки трендови и меѓународни стандарди, а во делот на картографијата ќе се продолжи со ажурирање на топографските карти и градење капацитети за изработка на топографски карти по НАТО-стандарди. АКН е институција која обезбедува електронски услуги за професионалните корисници и за граѓаните.

Во насока на реализација на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за воспоставување целосна интероперабилност помеѓу сите државни и локални институции, АКН планира да ги надгради постојните процеси и електронски услуги преку соработка со сите засегнати страни со што во значителна мера ќе се забрза и ќе се автоматизира испораката на услуги. Во процесот на одржување на катастарот на недвижности ќе продолжат постапките за запишување право на сопственост на градежно и земјоделско земјиште во сопственост на Република Северна Македонија.

АКН е приклучена на националната платформа за интероперабилност која овозможува електронска размена на податоци и документи помеѓу институциите на стандардизиран, безбеден и на унифициран начин. Во рамките на националниот портал за услуги АКН активно ќе учествува во процесот на воведување интероперабилност помеѓу судовите, јавните обвинителства, адвокатите, нотарите, Централниот регистар, Државното правобранителство и другите субјекти.

Согласно со заложбите на Владата на Република Северна Македонија за зголемување на бројот на отворени податоци во компјутерски обработлив формат, АКН воведе политика на отворени податоци при што ќе овозможи за бизнис-заедницата трансформација на отворените податоци во нови производи и услуги.

Соработката на АКН како координатор на националната инфраструктура на просторни податоци заедно со НИПП-субјектите ќе продолжи да работи во насока кон зголемување на обемот и достапноста на просторните податоци на националниот НИПП-геопортал.

1. ОДРЖУВАЊЕ НА КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ И ОДРЖУВАЊЕ НА КАТАСТАРОТ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ КАКО ДЕЛ ОД КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Одржувањето на катастарот на недвижности се состои од запишување на недвижностите кои останале со незапишани права, запишување на промените во катастарот на недвижностите и во катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижностите. Работата на секторите што се однесува на катастарот на недвижностите, ја координира Центарот за катастар на недвижности-Скопје (во натамошниот текст: ЦКН) и регионалните сектори за катастар на недвижности преку одделенијата за катастар на недвижности.

Во одржувањето на катастарот на недвижности се вршат и работи кои се однесуваат на издавање имотни листови, евидентни листови, листови за времени објекти, пописни листови со незапишани права, предбележување инфраструктурни објекти, листови за предбележување градба, копии од катастарски план, запишување и бришење хипотеки и други стварни права кои се од влијание за недвижностите, издавање податоци од катастарот на недвижности и катастарот на земјиште за приватниот сектор, примање барања за увид во предмети, издавање копии од збирките исправи.

АКН согласно со законот ќе продолжи со запишување на правото на сопственост на Република Северна Македонија на катастарските парцели (во натамошниот текст: КП) кои останале со незапишани права во катастарските општини (во натамошниот текст: КО), во кои пред влегување во сила на катастарот на недвижности во примена бил катастарот на земјиште - премерен катастар, запишување на парцелите кои се во сосопственост на Република Северна Македонија со други физички и правни лица и бришење кориснички права на градежно земјиште во катастарот на недвижности, како и премер и запишување згради, посебни делови од згради и други објекти во сопственост на Република Северна Македонија кои останале со незапишани права.

АКН и во 2025 година ќе продолжи со востановувањето на катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности кој опфаќа: запишување на правата на инфраструктурните објекти, евидентирање на инфраструктурните објекти, предбележување на правото на градба на инфраструктурните објекти, како и одржување на инфраструктурните објекти.

**Запишување згради, посебни делови од згради и други објекти во сопственост на Република Северна Македонија кои останале со незапишани права во катастарските општини во кои пред влегување во сила на катастарот на недвижности во примена бил катастарот на земјиште - премерен катастар**

Во текот на 2025 година АКН ќе продолжи да врши премер и ќе изготвува геодетски елаборати по претходно донесена одлука за вршење премер во функција на запишување недвижности сопственост на Република Северна Македонија од страна на Владата на Република Северна Македонија и по поднесено барање од Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

Во следнава табела се дадени планираните активности и временската рамка за нивна реализација:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец/година) | крај (месец/година) |
| 1 | Запишување згради, посебни делови од згради и други објекти во сопственост на Република Северна Македонија кои останале со незапишани права во катастарските општини во кои пред влегување во сила на катастарот на недвижности во примена бил катастарот на земјиште - премерен катастар | јануари 2025 | декември 2025 |
| 2 | Одржување на катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности кој опфаќа: запишување на правата на инфраструктурните објекти, евидентирање на инфраструктурните објекти, предбележување на правото на градба на инфраструктурните објекти, како и одржување на инфраструктурните објекти | јануари 2025 | декември 2025 |

Наведените активности ќе се финансираат од обезбедени средства од самофинансирање, програма 2А - ГКИС.

2. КОНТРОЛА НА КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ И НАДЗОР НА РАБОТАТА НА ТРГОВЦИТЕ ПОЕДИНЦИ ОВЛАСТЕНИ ГЕОДЕТИ И ТРГОВСКИ ДРУШТВА ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

Секторот за контрола и надзор при АКН предвидува активности поврзани со контролата на работењето на ЦКН-Скопје и на 29-те подрачни одделенија за катастар на недвижности во насока на реализацијата на главните стратешки приоритети на АКН и на Владата на Република Северна Македонија, а тоа се враќање на довербата во институциите и зајакнување на јавната администрација како ефикасен и квалитетен сервис на граѓаните и на професионалните корисници. АКН ќе продолжи да се стреми кон обезбедување брзи и квалитетни услуги за граѓаните и за деловните субјекти, доследна имплементација и почитување на законските прописи, како и обезбедување на еден од темелните вредности на системот, а тоа е владеење на правото.

Секторот за контрола и надзор ќе продолжи со надзор на законитоста на работењето на трговците поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи во текот на 2025 година, како и на правните лица овластени за производство на картографски производи. Целта на овој редовен надзор е да се подобри квалитетот на работењето на приватниот геодетски сектор и да се подигнат професионалните стандарди.

Секторот за контрола и надзор ќе постапува по примени претставки и предлози согласно со Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/08, 13/13, 156/15 и 193/15), со цел унифицирање на постапките при одржувањето на катастарот на недвижности.

Во следнава табела се дадени планираните активности и временската рамка за нивна реализација:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец/година) | крај (месец/година) |
| 1 | Изготвување Годишен план за вршење контрола на одделенијата за катастарот на недвижности | јануари 2025 | јануари 2025 |
| 2 | Изготвување Годишен план за надзор на законитоста на работењето на ТП – овластени геодети и ТД за геодетски работи | јануари 2025 | јануари 2025 |
| 3 | Вршење редовна контрола на катастарот на недвижности | февруари 2025 | ноември 2025 |
| 4 | Вршење редовен надзор на законитоста на работењето на ТП – овластени геодети и ТД за геодетски работи | февруари 2025 | ноември 2025 |

Наведените активности ќе се финансираат од обезбедени средства од самофинансирање, програма 2А.

3. ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ПОДАТОЦИТЕ ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Во 2025 година, АКН ќе продолжи со активностите за подобрување на квалитетот на податоците во ГКИС. АКН ќе продолжи со проверка и подобрување на квалитетот на податоците во атрибутната база на податоци во катастарот на недвижности по однос на нивната усогласеност согласно со законот. Најчесто, проверката и подобрувањето на квалитетот на податоците се однесува на промена на името на државата во сите имотни листови, корекција на податоците за исти делови на згради кои се запишани во различни катастарски општини или, пак, се запишани во различни имотни листови, корекција на податоците за згради кои лежат на непостоечка катастарска парцела и друго. Проверката и подобрувањето на квалитетот на податоците се однесува и на графичката база на податоци во катастарот на недвижности и на инфраструктурните објекти како дел од катастарот на недвижности кои настануваат како резултата на несоодветно користење шифри, каде што недостасуваат вертекси по должината на соседната катастарска општина и други тополошки неконзистентности. Овие активности ќе се реализираат тековно.

Во следнава табела се дадени планираните активности и временската рамка за нивна реализација:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец/година) | крај (месец/година) |
| 1 | Изедначување на податоците во имотниот лист со податоците од документите каде што како носител на правото на сопственост се јавува Република Северна Македонија | јануари 2025 | декември 2025 |
| 2 | Подобрување на податоците во делот на запишаните кориснички права на недвижностите | јануари 2025 | декември 2025 |
| 3 | Усогласување на податоците за катастарските култури на недвижностите | јануари 2025 | декември 2025 |
| 4 | Бришење прибелешки согласно со законот | јануари 2025 | декември 2025 |
| 5 | Корекција на имотен лист кој има податоци за носител на правото, а нема податоци за недвижноста | јануари 2025 | декември 2025 |
| 6 | Корекција на имотен лист кој има податоци за недвижноста, а нема податоци за носител на правото | јануари 2025 | декември 2025 |
| 7 | Корекција во правата на недвижностите за парцелите и деловите на зграда кои се преземени од стариот систем (пр. права на недвижностите во општествена сопственост; право на користење, управување и располагање, а во наслов е запишана Република Северна Македонија) | јануари 2025 | декември 2025 |
| 8 | Исправки во Лист А - делот за сопственост каде што се појавува Република Северна Македонија (патишта, води, железници и др.) | јануари 2025 | декември 2025 |
| 9 | Усогласување на евидентен лист (во ставката сопственост стои и сопственост и неизложено ) | јануари 2025 | декември 2025 |
| 10 | Корекција на графиката помеѓу различни катастарски општини | јануари 2025 | декември 2025 |
| 11 | Корекција на графиката во инфраструктурниот катастар во делот на сегментите | јануари 2025 | декември 2025 |
| 12 | Корекција на графиката во инфраструктурниот катастар во делот на придружните објекти | јануари 2025 | декември 2025 |

Наведените активности ќе се финансираат од обезбедени средства од самофинансирање, програма 2А - ГКИС.

4. ИЗГОТВУВАЊЕ ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТИ ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ - АЖУРИРАНИ ГЕОДЕТСКИ ПОДЛОГИ

Во 2025 година АКН ќе продолжи да врши геодетски работи за посебни намени поврзани со ажурирање геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидени со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистичките планови, како и со вршење премер во функција на запишување недвижности сопственост на Република Северна Македонија, врз основа на одлуки донесени од Владата на Република Северна Македонија. По барање на судовите АКН ќе изработува и геодетски елаборати за утврдување правен статус на бесправни објекти, согласно со позитивните законски процеси.

Во следната табела се дадени планираните активности и временската рамка за нивна реализација:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец и година) | крај (месец и година) |
| 1 | Вршење геодетски работи за посебни намени од значење за РСМ | јануари 2025 | декември 2025 |

Наведените активности ќе се финансираат од обезбедени средства од самофинансирање, програма 22 - Основни геодетски работи и картографија.

## 5. ОДРЖУВАЊЕ НА СОВРЕМЕНА ГЕОДЕТСКА РЕФЕРЕНТНА ИНФРАСТРУКТУРА И СОЗДАВАЊЕ ПРЕДУСЛОВИ ЗА СТАВАЊЕ ВО ОФИЦИЈАЛНА УПОТРЕБА НА ETRS 89-КООРДИНАТНИОТ СИСТЕМ

Процесот на континуирано одржување и надградба на националните геодетски референтни мрежи ќе продолжи и во 2025 година, при што ќе се следат најновите технолошки трендови и препораките на меѓународните геодетски асоцијации. Целта е да се задржи и да се подобри функционалноста на геодетските референтни мрежи и тие да функционираат во најновите европски референтни рамки. Воедно, ќе се работи и на нивно поврзување со геодетските мрежи од соседните земји. АКН ќе продолжи да работи на создавање предуслови за ставање во примена на новите државни геодетски референтни системи и на новата државна картографска проекција по европски стандарди. За нивното воведување во примена ќе претходи широка стручна расправа во којашто ќе бидат вклучени сите засегнати страни и на експертско ниво ќе се дискутира за изборот на новите службени геодетски референтни системи и на државна картографска проекција, потребата од нивно воведување во официјална употреба, начинот на нивна имплементација, импликациите коишто ќе произлезат и друго. Во делот на гравиметријата ќе се реализираат гравиметриски мерења на новопоставените репери од нивелманската мрежа од висока точност, по должината на патните правци Миладиновци-Кадрифаково и Велес-Штип, во функција на одредување физички дефинирани висини на реперите.

Во 2025 година ќе се реализираат и активности поврзани со воспоставувањето повеќенаменска комбинирана геодетска мрежа (мрежа од нулти ред) на територијата на Република Северна Македонија. Планирано е да се комплетира изработката на проектна документација за преостанатите 5 (пет) точки од мрежата, за кои ќе треба да се направи избор на соодветни локации и доколку се обезбедат средства во рамките на ИПА 3 програмата и се добијат потребните административни одобренија/решенија за градење, ќе се отпочне со воспоставување на една точка којашто понатаму ќе служи како модел за останатите точки од мрежата. Основа за воспоставување комбинирана геодетска мрежа (мрежа од нулти ред) ќе биде студијата изработена во рамките на проектот „Соработка за дигитална демократија“ финансиран од Шведската агенција за меѓународна соработка и проектна документација изработена од Катедрата за виша геодезија при Градежниот факултет - Скопје.

Во следнава табела се дадени планираните активности и временската рамка за нивна реализација:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец и година) | крај (месец и година) |
| 1 | Одржување на МАКПОС-системот | јануари 2025 | декември 2025 |
| 2 | Гравиметриски премер на новопоставените репери од нивелманската мрежа од висока точност | април 2025 | ноември 2025 |
| 3 | Стручни дебати во врска со ставањето во примена на новите геодетски референтни системи и картографска проекција | јануари 2025 | декември 2025 |
| 4 | Изработка на проектна документација за точки од комбинираната геодетска мрежа и подготвителни активности за воспоставување на една точка, како модел за останатите | јануари 2025 | декември 2025 |

Наведените активности ќе се финансираат од обезбедени средства од самофинансирање, програма 22 - Основни геодетски работи и картографија и донации.

## 6. ИЗРАБОТКА НА ТОПОГРАФСКИ КАРТИ И КАРТИ ПО НАТО-СТАНДАРДИ

Во 2025 година АКН ќе продолжи со ажурирање на топографската карта во размер 1:100000 за која како основа за ажурирање се користат податоците од претходно ажурираната топографска карта во размер 1:50000. Планирано е ажурирањето на преостанатите 14 листа од топографската карта (од вкупно 18) да се заврши до крајот на вториот квартал на 2025 година. Во втората половина од годината ќе се отпочне со нов циклус ажурирање на топографската карта во размер 1:25000, при што како основа за ажурирање ќе се користат податоците од последното аерофотограметриско снимање на територијата на нашата држава извршено во 2023 година. Со податоците од ова снимање располага Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а АКН ќе треба да ги преземе врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка со ова министерство. Планирано е во 2025 година да се ажурираат најмалку 20 листа (од вкупно 205) од топографската карта во размер 1:25000.

АКН ќе работи и на изработка на топографски и ортофото карти како дел од новата гранична документација, согласно со динамиката на извршување на работите поврзани со премерот, обележувањето и одржувањето на државната граница на Република Северна Македонија утврдена од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, како надлежен орган.

Во координација со Министерството за одбрана, АКН ќе продолжи со активностите за градење капацитети (технички и човечки) за изработка на топографски карти по НАТО-стандарди. Ќе се работи на дефинирање работни процеси и спроведување специјализирани обуки користејќи искуства од земјите членки на НАТО, како Република Словенија, Кралството Холандија, Република Турција, Република Италија, Република Грција и други.

АКН продолжува активно да учествува во изготвувањето и одржувањето на паневропските Еурогеографикс продукти: Euro Boundary Map (Карта на граници во Европа), Euro Global Map (Глобална карта на Европа), Euro Regional Map (Регионална карта на Европа) и Euro Digital Elevation Model (Дигитален висински модел на Европа) и согласно со спецификациите и дадените насоки од асоцијацијата ќе достави ажурирани сетови податоци за темите: административни граници, хидрографија, географски имиња, населени места и точки од интерес.

LiDAR-порталот, преку кој се врши дистрибуција на LiDAR-податоците до крајните корисници, ќе биде предмет на редовно одржување, како и подобрување на неговите функционалности, пред сѐ во делот на администрирањето со порталот и 3Д визуализација на одредени подрачја покриени со LiDAR-податоци. Целта е да се олесни пристапот и користењето на податоците од страна на професионалните корисници, да се зголеми нивната примена во пракса и да се поттикне креирањето на нови продукти од овие податоци.

Во следната табела се дадени планираните активности и временската рамка за нивна реализација:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец и година) | крај (месец и година) |
| 1 | Ажурирање на податоците од топографските карти во размер 1:100000 | јануари 2025 | јуни 2025 |
| 2 | Ажурирање на податоците од топографските карти во размер 1:25000 | јули 2025 | декември 2025 |
| 3 | Изработка на топографски и ортофото карти за државната граница | јануари 2025 | декември 2025 |
| 4 | Градење капацитети за изработка на топографски карти по НАТО-стандарди | јануари 2025 | декември 2025 |
| 5 | Изготвување и одржување на паневропските Еурогеографикс картографски продукти за територијата на РСМ | јануари 2025 | декември 2025 |
| 6 | Одржување на LiDAR-порталот и подобрување на неговите функционалности | јануари 2025 | декември 2025 |

Наведените активности ќе се финансираат од обезбедени средства од самофинансирање и донатори, програма 22 - Основни геодетски работи и картографија.

## 7. ПРЕМЕР НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ИЗГОТВУВАЊЕ ГРАНИЧНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

АКН во 2025 година ќе продолжи да ги врши работите поврзани со премер, обележување и одржување на државната граница на Република Северна Македонија и изготвување гранична документација, како и геодетски работи поврзани со отворање нови гранични премини со соседните земји, во согласност со планот и динамиката на активности утврдени од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија како надлежен орган.

Во следната табела се дадени планираните активности и временската рамка за нивна реализација:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец и година) | крај (месец и година) |
| 1 | Премер, обележување и одржување на државната граница на РСМ и изготвување гранична документација, како и геодетски работи поврзани со отворање нови гранични премини со соседните земји | јануари 2025 | декември 2025 |

Наведените активности ќе се финансираат од обезбедени средства од самофинансирање, програма 22 - Основни геодетски работи и картографија.

## 8. НАЦИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИ ПОДАТОЦИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (НИПП)

Во делот кој се однесува на националната инфраструктура на просторни податоци (во понатамошниот текст НИПП), АКН како НИПП-субјект во текот на 2025 година ќе продолжи со активностите кои имаат цел да придонесат кон понатамошниот развој на НИПП, нејзина промоција, креирање метаподатоци и веб-услуги.

Во следната табела се дадени планираните активности и временската рамка за нивна реализација:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец и година) | крај (месец и година) |
| 1 | Одржување работилници со субјектите во НИПП на теми:<br>• Метаподатоци<br>• Податоци и услуги на НИПП-геопорталот | јануари 2025 | декември 2025 |
| 2 | Изработка и печатење промотивни материјали за НИПП | јануари 2025 | декември 2025 |
| 3 | Изработка на билтен за НИПП за 2024 година | јануари 2025 | март 2025 |
| 4 | Одржување НИПП-ден во Република Северна Македонија | февруари 2025 | март 2025 |
| 5 | Креирање метаподатоци за: Топографска карта на Република Северна Македонија во размер 1:200000 (ТК 200 - 2017 ) растер, метаподатоци за податочен сет Топографски карти 1:200000 (ТК200-2017) вектор, метаподатоци за податочен сет Топографска карта на Република Северна Македонија во размер 1:50000 (ТК 50 - 2017) растер, метаподатоци за податочен сет | јануари 2025 | април 2025 |
| 6 | Поедноставување на постапката за купување податоци/услуги | јануари 2025 | јуни 2025 |
| 7 | Изработка на плочка за „отворени податоци“ и имплементација на лиценци за отворени податоци | јули 2025 | декември 2025 |
| 8 | Надградба на Регистарот на објавени збирки просторни податоци/услуги | јануари 2025 | јуни 2025 |
| 9 | Имплементација на услуга за трансформација | јануари 2025 | декември 2025 |
| 10 | Креирање и публикување веб услуги од субјекти на НИПП | јануари 2025 | декември 2025 |
| 11 | Одржување и обезбедување јавен пристап до НИПП-геопорталот | јануари 2025 | декември 2025 |

Наведените активности ќе се финансираат од обезбедени средства од самофинансирање, програма 2А - ГКИС.

РЕГИСТРИ

## 9. УПРАВУВАЊЕ СО ГРАФИЧКИОТ РЕГИСТАР ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Графичкиот регистар на градежно земјиште (ГРГЗ) содржи просторни и описни податоци за градежното земјиште на територијата на Република Северна Македонија. Регистарот се воспоставува и управува врз основа на податоците добиени од урбанистичките планови и урбанистичките проекти кои ги донесуваат органите на државната управа надлежни за вршење на работите од

областа на уредување на просторот, како и единиците на локалната самоуправа. Податоците во овој регистар се изготвени во електронска форма која е компатибилна со електронската форма во која се изготвени катастарските планови. ГРГЗ претставува системско решение кое воспоставува транспарентност, унифицираност и комплетна стандардизација на процесите, постапките и податоците за донесување на урбанистичките планови и урбанистичките проекти следејќи ги законските измени. Овој систем е интероперабилен со останатите системи како еКат-системот, е-урбанизам и други. Наменет е за професионалните корисници, и тоа: општините, проектантските бироа, министерствата, приватните геодетски фирми и АКН. Професионалните корисници пристапуваат до содржината на регистарот преку веб- порталот на АКН (https://urbanizam.katastar.gov.mk/).

АКН во 2025 година ќе продолжи со модернизација на регистарот согласно со новите технологии, а надградбите ќе се направат согласно со потребите на професионалните корисници.

10. ОДРЖУВАЊЕ НА ЕДИНСТВЕНА ЕВИДЕНЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА ЕДИНСТВЕН ИДЕНТИФИКАЦИСКИ БРОЈ (ЕИБ) ЗА НЕДВИЖНИОТ ИМОТ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, КАКО И НЕДВИЖНИОТ ИМОТ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ШТО ГО КОРИСТАТ ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И ПРАВНИТЕ ЛИЦА ОСНОВАНИ ОД ДРЖАВАТА

Согласно со одредбите од член 57 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016, 21/2018, и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019, 275/2019 и 122/2021), АКН воспостави единствена евиденција врз основа на единствен идентификациски број (ЕИБ) за недвижниот имот во државна сопственост, како и за недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи и правните лица основани од државата.

Во 2025 година е предвидено одржување на единствена евиденција врз основа на единствен идентификациски број (ЕИБ) и подобрување на квалитетот на податоците во катастарската евиденција, со цел да се даде јасна слика на целокупниот имот кој е во сопственост на државата, како и информација за неговото користење од страна на државните органи и правните лица основани од државата.

11. ОДРЖУВАЊЕ РЕГИСТАР НА ПРЕЗЕМЕНИ НЕДВИЖНОСТИ НАМЕНЕТИ ЗА ПРОДАЖБА

Во 2025 година, АКН ќе продолжи да го води регистарот во соработка со другите инволвирани субјекти (банките, штедилниците, Управата за јавни приходи) кои преземаат недвижности во постапките при наплата на побарувања или по други основи.

12. РЕГИСТАР НА ПРОСТОРНИ ЕДИНИЦИ

АКН ќе продолжи во насока на подобрување и осовременување на Регистарот на просторни единици. Графичкиот дел од регистарот е составен од податоци за просторните единици на територијата на Република Северна Македонија.

Во 2025 година предвидено е одржување на податоците во Регистарот на просторните единици кој е дел од ГКИС, а во насока на подобрување на квалитетот на податоците.

13. ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАФИЧКИОТ РЕГИСТАР ЗА УЛИЦИ И КУЌНИ БРОЕВИ

Во 2025 година АКН ќе продолжи со обука на вработените во општините и Градот Скопје за начинот на потврдување на податоците прибрани од терен. Планирани се состаноци и работилници со градоначалниците и стручните лица од општините, со цел подигнување на свеста за потребата од формирање на сигурна, еднозначна и точна база на графичката компонента на адресни податоци.

АКН ќе продолжи со одржување на веб ГИС-апликацијата која овозможува вклучување на сите заинтересирани субјекти (општините, Градот Скопје, Централниот регистар, Министерството за внатрешни работи, Државниот завод за статистика и др.) за увид, проверка, прочистување и потврдување во теренски прибраните податоци за улици и куќни броеви, како и нивно споредување со податоците запишани во други електронски евиденции за адресни податоци.

Во текот на 2025 година АКН континуирано ќе работи на измени и усогласување на законските и подзаконските акти од оваа област за воспоставување единствен Адресен регистар на територијата на Република Северна Македонија.

Согласно со потребите на АКН ќе се склучи нов договор за адаптивно и превентивно одржување на апликациите за Графички регистар за улици и куќни броеви.

14. ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ЦЕНИ И ЗАКУПНИНИ КАКО ОСНОВА ЗА ИДНА МАСОВНА ПРОЦЕНА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Регистарот на цени и закупнини претставува основа за воспоставување на системот за масовна процена. Масовната процена на вредноста на недвижностите е комплексен систем чија задача е да ја одреди вредноста на секоја недвижност што е најблиска до нејзината пазарна вредност. Проценетата вредност на недвижностите е основа за формирање, следење и анализирање на функционален пазар на недвижности што претставува значаен сегмент во финансискиот и економскиот развој на секоја држава. Системот за масовна процена има голема важност од повеќе аспекти како што се: функционален пазар на недвижности, средување даночна политика на имот на целата држава, како и развој на пазарот со хипотеки и осигурување.

Регистарот на цени и закупнини е целосно воспоставен и континуирано се полни со податоци за недвижностите врз основа на извршените трансакции.

Согласно со досегашниот прогрес, во 2025 година се очекува да се одржува и да се дополнува Регистарот на цени и закупнини, да се следи пазарот на недвижности и да се креираат анализи на пазарот на недвижности, анализи на понудата и побарувачката на недвижности, да се креираат податоци за останатите државни органи, како и да се креираат квартални, полугодишни и годишни извештаи од Регистарот на цени и закупнини, при што ќе се обезбедат потребните податоци и анализи за воспоставување вредносни и просторни зони на територијата на Република Северна Македонија.

Во текот на 2025 година континуирано ќе продолжи процесот на собирање на податоците од извршените трансакции, и тоа преку пополнетата изјава од продавачот/закупецот во која се содржани исклучиво техничките карактеристики на недвижноста која е предмет за продажба или закуп, површината која е предмет на трансакција и нејзината договорна цена односно закупнина.

Користењето на податоците од Регистарот на цени и закупнини АКН ќе продолжи да ги издава на заинтересираните страни - овластените проценители, на адвокатите при процесот на своите постапки, како и на другите

заинтересирани лица со соодветен надоместок. Планирана е надградба на Порталот за електронски услуги на АКН за дистрибуција на податоците од Регистарот на цени и закупнини.

За остварување на овие цели е планирана надградба на е-кат системот со цел генерирање на извештаите од регистарот (статистика за анализа на пазарот на недвижности, зонирање и моделирање).

Планираните активности и временската рамка за реализација на активностите поврзани со Графичкиот регистар за градежно земјиште, Регистарот на преземени недвижности наменети за продажба, Регистарот на просторни единици, Графичкиот регистар за улици и куќни броеви и Регистарот на цени и закупнини се дадени во следната табела:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец и година) | крај (месец и година) |
| 1 | Одржување на единствена евиденција врз основа на единствен идентификациски број (ЕИБ) за недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи и правните лица основани од државата | јануари 2025 | декември 2025 |
| 2 | Одржување на Регистарот на преземени недвижности наменети за продажба | јануари 2025 | декември 2025 |
| 3 | Превентивно/адаптивно одржување на ГРГЗ | јануари 2025 | декември 2025 |
| 4 | Превентивно/адаптивно одржување на веб ГИС-апликациите за Графички регистар за улици и куќни броеви | јануари 2025 | декември 2025 |
| 5 | Обука на стручните лица од општините во РСМ за начинот на проверка (потврдување) на податоците за секое населено место поединечно | јануари 2025 | декември 2025 |
| 6 | Одржување на Регистарот на просторни единици | јануари 2025 | декенври 2025 |
| 7 | Водење на Регистарот на цени и закупнини со податоци за цените и закупнините | јануари 2025 | декември 2025 |
| 8 | Контрола на содржината на изјавите | јануари 2025 | декември 2025 |
| 9 | Анализи на пазарот на недвижности | јануари 2025 | декември 2025 |
| 10 | Подготвителни активности за изработка на прелиминарни зони за масовна процена на недвижностите | јануари 2025 | декември 2025 |

Наведените активности ќе се финансираат од обезбедени средства од самофинансирање, од програмата за финансирање 2А-ГКИС.

15. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

АКН и во текот на 2025 година активно ќе учествува на регионалните и меѓународните конференции со цел промовирање на институцијата, но и запознавање со најновите трендови во областа на катастарот, геодезијата и управувањето со геопросторните податоци. Во текот на 2025 година АКН планира да земе активно учество во подготовката на проектните апликации за регионалните проекти кои ќе бидат финансирани од страна за земјите донатори како Шведска, Холандија и др. АКН планира да аплицира и со проекти за средства од европските фондови.

16. ОРГАНИЗИРАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБУКИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КОРИСНИЦИ НА УСЛУГИТЕ НА АКН

Со цел правилна примена на прописите, како и ефикасно користење на системите кои се сопственост на АКН, АКН континуирано организира и одржува обуки за сите професионални корисници (трговци поединци - овластени геодети, нотари, адвокати, извршители, банки и сл.), како и за вработените во институциите кои го користат електронскиот шалтер и другите електронски системи на АКН (општини, министерства и сл.). Обуките се реализираат согласно со Годишната програма за обуки од областа на геодетските и правните работи. Во годишните програми за обука се опфатени темите од областа на: геодезијата, законските и подзаконски акти, новите електронски системи, новите функционалности на постоечките електронски системи и сервиси од областа на геодетско-катастарскиот информациски систем, како и на теми по барања на корисниците.

Основна цел на обуките е надградување и унапредување на специфичните знаења, компетенции и вештини на професионалните корисници и вработените во институциите кои ги користат системите на АКН.

Во рамките на потпишаните меморандуми за соработка, АКН ќе продолжи да организира и да спроведува практична настава на учениците и студентите од средните и високообразовните институции во земјава (Градежниот факултет - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Универзитетот на Југоисточна Европа, Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип, Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, СЕПУГС „Васил Антевски-Дрен“, СУГС „Арсениј Јовков“, СГГУГС „Здравко Цветковски“ и други.

Во следнава табела се дадени планираните активности и временската рамка за нивна реализација:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец и година) | крај (месец и година) |
| 1 | Донесување Годишна програма за обуки од областа на геодетските и правните работи за 2026 година | октомври 2025 | ноември 2025 |
| 2 | Реализација на Годишната програма за обуки од областа на геодетските и правните работи за 2025 година | јануари 2025 | декември 2025 |

Наведените активности ќе се финансираат од обезбедени средства од самофинансирање, програма 20 - Катастар на недвижности и програма К2 - Стручно оспособување и усовршување.

17. ОБУЧЕН КАДАР СО ЦЕЛ ИЗДИГАЊЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА ВО ЛИДЕР ПО ИНОВАЦИИ, ПРИМЕНА НА НОВИТЕТИ И НАЧИН НА БРЗО И СИГУРНО РАБОТЕЊЕ

Функционирањето на јавниот сектор како давател на услуги на граѓаните и бизнис-заедницата претставува најголем дел од секое општество. Без негово континуирано унапредување и модернизација, не е возможен севкупниот развој на државата.

Главна цел на оваа активност е надградување на основните компетенции и вештини на вработените во АКН за постигнување високи перформанси и нивен понатамошен професионален развој, а сето тоа за да се обезбеди ефикасен сервис за граѓаните.

Покрај оваа цел ќе се дејствува и на зајакнување на капацитетите на вработените за доследно спроведување на законските прописи во Република Северна Македонија, како еден од клучните предуслови во евроинтегративните процеси на државата.

Заради зголемување на ефикасноста во работењето, запознавањето со новите функционалности на системите со кои работат вработените, потребата што ја наметнува информатичката технологија, новите трендови и очекувањата на сите засегнати страни и континуираното усовршување и обучување на вработените се основа за унапредување на АКН како институција која со примена на новитетите, на брз и ефикасен начин ќе ја извршува својата дејност. За таа цел, во АКН во текот на 2025 година ќе се организираат обуки за вработените во зависност од потребите кои ќе ги наложи процесот на работа и барањата од претпоставените кои се задолжени да ја организираат работата.

АКН за 2025 година ќе го подготви и годишниот план за обуки, согласно со годишните програми донесени од страна на Министерството за информатичко општество и администрација и ќе обезбеди континуирана обука на вработените, при што се предвидени генерички обуки на административните службеници согласно со рамката за општи работни компетенции и обуки за административно управување. Министерството во координација со институциите планира да ги реализира обуките од програмата преку електронскиот систем за обуки (http://e-obuki.mioa.gov.mk).

Во следнава табела се дадени планираните активности и временската рамка за нивна реализација:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец и година) | крај (месец и година) |
| 1 | Имплементација на Годишниот план за обуки за 2025 година | јануари 2025 | декември 2025 |
| 2 | Вршење едукација и обуки за вработените од АКН | јануари 2025 | декември 2025 |

Наведените активности ќе се финансираат од обезбедени средства од самофинансирање, програма 20 – Катастар на недвижности, програма К2 – Стручно оспособување и усовршување.

18. ПРОМОВИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

Во текот на 2025 година АКН ќе врши континуирано следење на родовата и правичната застапеност на жените при воспоставување на правата на сопственост врз недвижностите и положбата на жените во геодезијата, како и во останатите сегменти во институцијата, преку водење на родово разделени статистики.

АКН ќе продолжи со подигнување на родовата свест и со развојот и имплементацијата на принципите за воспоставување родова еднаквост и обезбедување еднаков третман во сите сегменти во рамките на надлежноста на институцијата. АКН ќе работи на промовирање еднакви можности на жените и мажите во делот на воспоставување на правата на сопственост врз недвижностите и во обезбедување правна помош во поглед на заштита на жените во остварување на нивните права и можности при стекнувањето на правото на сопственост на недвижен имот. АКН исто така ќе работи и на промовирање еднакви можности и во делот на положбата на жената во геодезијата во јавниот и во приватниот сектор во геодетската струка. Во оваа насока, АКН ќе продолжи да ја развива соработката со останатите професионални корисници (нотари, приватни геодетски компании, општини и др.), заеднички да придонесат за унапредување на можностите за воспоставување родова еднаквост.

АКН ќе се грижи и за поголема информираност и транспарентност на сите информации и податоци кои се однесуваат на принципите на еднакви можности на жените и мажите за внатрешните и надворешните корисници, како и за целосно спроведување на сите права уредени со закон за вработените во АКН со овозможување Е-достапност за активностите во врска со родовата еднаквост.

Унапредување на родовата еднаквост АКН ќе врши со вклучување на родовата перспектива во креирањето политики и буџет, како и со унапредување на законодавството во насока на развој на родовата еднаквост и зголемување на можностите за стекнување на сопственичките права на жените.

19. ИЗРАБОТКА НА ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА И ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА АКТИТЕ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

Во согласност со Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), институциите во јавниот сектор во Република Северна Македонија имаат обврска да ги подготвуваат актите за внатрешна организација и систематизација врз основа на препораките произлезени од спроведената функционална анализа. Со актот за внатрешната организација се утврдува видот и бројот на организациските единици и нивниот делок-

руг на работа, додека со актот за систематизација се утврдуваат бројот, општите и посебните услови и описите на работните места.

Во 2025 година се предвидува најнапред да се спроведе функционална анализа која треба да подготви документ кој ќе даде осврт на ефикасноста и ефективноста на извршувањето на работите и работните задачи во рамките на внатрешната организација, како и за дистрибуцијата на расположливите ресурси (кадровски, просторни, ИТ, технички и др.), од кои најзначаен секако е човечкиот капитал.

Откако ќе се изработи извештај од спроведената функционална анализа, ќе се утврдат наоди, но и ќе се дадат препораки за подобрување на ефикасноста и ефективноста во извршување на функциите, како и од евентуалната потреба од ре-инженеринг на работните процеси, односно креирање на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места кои ќе гарантираат оптимална организациона поставеност и максимално искористување на капацитетите на вработените.

Крајната цел што треба да се постигне со овие инструменти, е да се развие модерна и ефикасна администрација која ќе обезбеди квалитетни и брзи услуги за граѓаните и за деловните субјекти. Впрочем, сервисната ориентираност на вработените во АКН треба да резултира со кооперативност и иновативност за ефикасно и ефективно остварување на правата и интересите на странките со истовремена грижа за јавниот интерес. Посебно внимание ќе се посвети и на периодична проверка на компетенциите на веќе вработениот кадар за да се обезбеди адекватно распределување на службениците според постигнатите резултати.

Во делот на постапките за вработување, согласно со Годишниот план за вработување за 2025 година предвидено е да има 23 пензионирања, 20 нови вработувања и 3 унапредувања. Годишниот план е доставен до релевантните институции на одобрување.

Во следнава табела се дадени планираните активности и временската рамка за нивна реализација:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец и година) | крај (месец и година) |
| 1 | Измена и дополнување на правилниците | јануари 2025 | декември 2025 |
| 2 | Изготвување/усогласување на правилниците со законите | јануари 2025 | декември 2025 |
| 3 | Реализација на годишниот план за вработување | јануари 2025 | декември 2025 |

## 20. ЕЛЕКТРОНСКИ КАТАСТАР

Електронскиот катастар на АКН е стратешки важен и клучен систем во државата каде што се чуваат податоците за целокупниот недвижен имот во Република Северна Македонија, недвижниот имот на сите физички и правни субјекти: парцели, објекти, сопственици, хипотеки, прибелешки, податоци за инфраструктурните објекти, цени на недвижностите содржани во правните основи за промет на недвижности, Графичкиот регистар на улици и куќни броеви и др.

Електронскиот катастар (е-кат) е систем кој беше развиен и имплементиран пред повеќе од петнаесет години и тој повеќе не може да ги задоволи барањата на корисниците.

АКН во 2025 година планира да почне со развој на нов информациски систем со кој би се искористиле предностите на најновите технологии.

Развојните чекори за новиот информациски систем се:

- Системска анализа;
- Дефинирање на барањата на корисниците;
- Дизајн на системот;
- Имплементација на системот;
- Тестирање и
- Одржување.

Во следнава табела се дадени планираните активности и временската рамка за нивна реализација:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец и година) | крај (месец и година) |
| 1 | Системска анализа | март 2025 | јуни 2025 |
| 2 | Дефинирање на барањата на корисниците | јуни 2025 | септември 2025 |
| 3 | Дизајн на системот | септември 2025 | декември 2025 |

Наведените активности ќе се финансираат од обезбедени средства од самофинансирање, програма - 2А.

## 21. СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РЕСУРСИ – ЕРП

Во АКН е имплементиран систем за управување со ресурси ЕРП којшто ги опфаќа сите внатрешни деловни процеси во компанијата. ЕРП-софтверот е базиран на веб-решение. Во текот на 2025 година се планира превентивно одржување на ЕРП-системот.

Активностите и временската рамка за нивна реализација се дадени во следнава табела:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец и година) | крај (месец и година) |
| 1 | Превентивно одржување на ЕРП-системот | јануари 2025 | декември 2025 |

Наведените активности ќе се финансираат од обезбедени средства од самофинансирање, програма 2А - ГКИС.

22. СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ ALFRESCO DMS (DOCUMENT MANAGEMENT SYSTEM)

Во АКН е имплементиран систем за управување со документи Alfresco DMS (Document management system) којшто ги опфаќа сите внатрешни деловни процеси во институцијата.

Alfresco DMS системот е интегриран со дел од останатите активни системи во АКН:

• Дистрибутивен систем на АКН - Портал за електронски услуги (https://e-uslugi.katastar.gov.mk/), и
• Систем за управување со ресурси - ERP.

Во текот на 2025 се планира решавање на софтверските проблеми, во согласност со дефинициите на приоритети, за непречено функционирање на системот за управување со документи.

Активностите и временската рамка за нивна реализација се дадени во следнава табела:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец и година) | крај (месец и година) |
| 1 | Превентивно одржување на ДМС | јануари 2025 | декември 2025 |

Наведените активности ќе се финансираат од обезбедени средства од самофинансирање, програма 2А - ГКИС.

23. ЛОКАЦИЈА ЗА ОБНОВУВАЊЕ ОД КАТАСТРОФИ (DISASTER RECOVERY SYSTEM)

АКН е една од клучните институции во државата која задолжително треба да може брзо да закрепне во услови на катастрофи. Без план за обновување од катастрофи, АКН може да се доведе во состојба на губење податоци, намалена продуктивност што негативно може да влијае врз пазарот на недвижности, како и намалување на репутацијата и довербата што ја имаат професионалните корисници и клиенти кон АКН. Сето ова може да доведе до намалување на довербата кај крајните корисници и намалување на приходите.

IT Disaster Recovery е портфолио на политики, алатки и процеси кои се користат за враќање или продолжување на операциите на критичната ИТ- инфраструктура, софтвер и системи во случај на природна или човечка катастрофа.

Во текот на 2025 година, АКН потребно е да започне со активности поврзани со зголемување на безбедноста на повисоко ниво. Потребно е да се обезбеди локација за обновување од катастрофи (disaster recovery site) со што би се обезбедила заштита од евентуални надворешни хакерски напади и надворешни и внатрешни обиди за влез во мрежната инфраструктура. На овој начин ќе се овозможи непречено функционирање на инфраструктурата на која се поставени сите системи кои се имплементирани во АКН.

Активностите и временската рамка за нивна реализација се дадени во следнава табела:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец и година) | крај (месец и година) |
| 1 | Локација за обновување од катастрофи (disaster recovery site) | јануари 2025 | декември 2025 |

Наведените активности ќе се финансираат од обезбедени средства од самофинансирање, програма 2А - ГКИС.

24. ПОРТАЛ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ

Порталот за електронски услуги обезбедува податоци, информации и услуги - сервиси за физички и правни лица (граѓани, геодетски фирми, нотари, домашни корисници на АКН итн.). Преку овој систем АКН нуди приспособено решение – веб-портал преку кој се нудат информации, податоци и сервиси од катастарот на недвижности преку интегрирано решение со електронскиот катастар, податоците од ГКИС и останатите системи на АКН. Целта на овој систем е да се поедностави и да се забрза пристапот и протокот на информации и податоци до сите корисници. Во текот на 2025 година АКН планира да ги продолжи активностите поврзани со редизајн и модернизација на веб корисничкиот интерфејс на порталот за електронски услуги. АКН, во рамките на меморандумот за соработка, треба да ги добие од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ортофото картите од авионското снимање од 2023 година и ќе се изработат веб-сервиси кои ќе бидат достапни на порталот. Се планира содржината на порталот да се збогати со податоците од регистрите за кои е надлежна АКН.

Активностите и временската рамка за реализација се дадени во следнава табела:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец и година) | крај (месец и година) |
| 1 | Превентивно одржување на Порталот за електронски услуги | јануари 2025 | декември 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Редизајн и модернизација на веб кориснички интерфејс на Порталот за електронски услуги - втора фаза - или продолжување на активноста | јануари 2025 | деке мври 2025 |
| 3 | Ажурирање на постоечки компоненти | јануари 2025 | деке мври 2025 |
| 4 | Изработка на веб-сервис од податоците од ортофото снимањето на МЗШВ и поставување на Порталот за електронски услуги | јануари 2025 | деке мври 2025 |
| 5 | Ажурирање на податоците за:<br>-Регистар на градежно земјиште<br>-Регистар на цени и закупнини<br>-Регистрирани субјекти | јануари 2025 | деке мври 2025 |

Наведените активности ќе се финансираат од обезбедени средства од самофинансирање, програма 2А - ГКИС.

25. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Во Секторот за аналитика и логистика се предвидуваат активности поврзани со изготвување, донесување и реализација на Планот за јавни набавки на АКН за 2025 година. Планот за јавни набавки се изготвува согласно со Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 87/21) и Правилникот за формата, содржината, како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/19). Годишниот план за јавни набавки се донесува најдоцна до 31 јануари од страна на Управниот одбор на АКН, а по претходно одобрение од директорот и колегиумот на АКН. Планот содржи податоци за вкупната потреба од набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според Општиот поимник за јавни набавки во кој се определува и очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување договор. Овде спаѓаат и потребите што се реализираат како групна набавка или преку централно тело за набавки. Секторот за аналитика и логистика ќе врши континуирано следење на реализацијата на Годишниот план за јавни набавки за 2025 година донесен од Управниот одбор на АКН.

Во следнава табела се дадени планираните активности и временската рамка за нивна реализација:

| Ред. бр. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | почеток (месец/година) | крај (месец/година) |
| 1 | Изготвување Годишен план за јавни набавки за 2025 година | јануари 2025 | јануари 2025 |
| 2 | Доставување Годишен план за јавни набавки за 2025 година до Управниот одбор на АКН за донесување | јануари 2025 | јануари 2025 |
| 3 | Следење на реализацијата на Годишниот план за јавни набавки за 2025 година | континуирано | континуирано |
| 4 | Отпочнување активности за изготвување предлог-план за јавни набавки за 2026 година | ноември 2025 | декември 2025 |

26. ФИНАНСИИ

Секторот за финансиски прашања активно ќе учествува во реализацијата на Годишната програма за реализација на стратешкиот план на АКН за 2025 година, и тоа преку контрола на извршувањето на буџетот на АКН за 2025 година и стратешкиот план на Агенцијата, управување и следење на остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците на Агенцијата утврдени со буџетот, изготвување годишен финансиски план, како и квартални и месечни финансиски планови за извршување на буџетот на Агенцијата, буџетско и финансиско известување, следење и реализација на договорите за јавни набавки и контрола на комплетноста и исправноста на целокупната документација.

**Завршна одредба**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 0302-1706/1
10 февруари 2025 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Миладин Наумоски**, с.р.

Агенцијата за катастар на недвижности за 2025 година го предлага следниот буџет, врз основа на детална анализа и проекција на приходите кои произлегуваат од поставените цели и задачи и проектирани трошоци кои се во функција на остварување на истите, врз основа на Годишната програма на Агенцијата:

| ПРЕДЛОГ Буџет 2025 ВО СОБРАНИЕ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија Ставка | Опис | Расходи на Основен буџет 637 | | | Расходи од самофинансирачки активности 787 | | | | | | | Вкупно расходи со основен буџет-плата |
| | | Админис-трација | Катастар на недвиж-ности | Вкупно | Админис-трација | Катастар на недвиж-ности | Основни геодетски работи и картогра-фија | Унапреду вање и технички развој | Геодетско-катастарски информаци-онен систем | Стручно оспособу-вање и усо-вршување | Вкупно | Вкупно расходи со основен буџет-плата |
| ставка | програма | 10 | 20 | Вкупно | 10 | 20 | 22 | 23 | 2А | К2 | ВКУПНО САМОФИНАНСИРАЊЕ | Вкупно |
| 401 | Основни плати | 52.937 | 200.000 | 252.937 | 0 | 149.788 | 0 | 0 | 0 | 0 | 149.788 | 402.725 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | | | | 0 | 141.166 | 0 | 0 | 0 | 0 | 141.166 | 141.166 |
| 404 | Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | | 0 | 9.046 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.046 | 9.046 |
| 40 | *Плати и надоместоци* | 52.937 | 200.000 | 252.937 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 552.937 |
| 420 | Патни и дневни трошоци | 0 | 0 | 0 | 1.500 | 3.000 | | | | | 4.500 | 4.500 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и | 0 | 0 | 0 | 5.000 | 38.400 | | | 10.600 | | 54.000 | 54.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 0 | | 4.200 | | | | | 4.200 | 4.200 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 0 | 0 | 0 | | 32.000 | 7.250 | | 77.300 | | 116.550 | 116.550 |
| 425 | Договорни услуги | 0 | 0 | 0 | | 35.800 | 10.050 | | | | 45.850 | 45.850 |
| 426 | Други тековни расходи | 0 | 0 | 0 | | 7.500 | | 2.000 | | 2.000 | 11.500 | 11.500 |
| 427 | Привремени вработувања | | | | | 18.000 | | | | | 18.000 | 18.000 |
| 42 | *Стоки и услуги* | 0 | 0 | 0 | 6.500 | 138.900 | 17.300 | 2.000 | 87.900 | 2.000 | 254.600 | 254.600 |
| 464 | Разни трансфери | 0 | 0 | 0 | | 6.000 | | | | | 6.000 | 6.000 |
| 465 | Трошоци по извршни решенија | 0 | 0 | 0 | | 10.000 | | | | | 10.000 | 10.000 |
| 46 | *Субвенции и трансфери* | 0 | 0 | 0 | 0 | 16.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16.000 | 16.000 |
| 471 | *Социјални бенефиции* | | | | | 1.500 | | | | | 1.500 | 1.500 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 0 | | 1.000 | 1.000 | | 17.700 | | 19.700 | 19.700 |
| 481 | Градежни објекти | 0 | 0 | 0 | | 20.000 | | | | | 20.000 | 20.000 |
| 483 | Купување на мебел | 0 | 0 | 0 | | 3.000 | | | | | 3.000 | 3.000 |
| 485 | Вложување и нефинансиски средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000 | | | 62.050 | | 64.050 | 64.050 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | | 0 | 0 |
| 48 | *Капитални расходи* | 0 | 0 | 0 | 0 | 26.000 | 1.000 | 0 | 79.750 | 0 | 106.750 | 106.750 |
| | Вкупно расходи | 52.937 | 200.000 | 252.937 | 6.500 | 482.400 | 18.300 | 2.000 | 167.650 | 2.000 | 678.850 | 931.787 |

КАТАСТАР

Годишна програма за реализација на стратешкиот план на АКН за 2024 год.

| | | ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ 2025 ГОДИНА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Админис-трација | Катастар на недвиж-ности | Основни геодетски работи и картогра-фија | Унапреду вање и технички развој | Геодетско-катастарски информаци-онен систем | Стручно оспособу-вање и усо-вршување | Вкупно | |
| | | 10 | 20 | 22 | 23 | 2А | К2 | Вкупно | Вкупно + Основен буџет |
| приходи од катастраски услуги | 724116 | | 51.000 | 3.000 | | 10.000 | | 64.000 | 64.000 |
| Приходи од геодетски услуги | 724117 | | 3.000 | 15.000 | | 50.000 | 2.000 | 70.000 | 70.000 |
| Надомест за издавање имотен лист | 724165 | | 130.000 | 300 | | 30.000 | | 160.300 | 160.300 |
| Надомест за издавање податоци од ГКИС | 724166 | | 13.000 | | 2.000 | 7.650 | | 22.650 | 22.650 |
| Надомест за запишување промени во КН со и без елаборат | 724167 | 6.500 | 175.000 | | | 70.000 | | 251.500 | 251.500 |
| Други владини услуги | 724149 | | | | | | | 0 | 0 |
| Надомест за запишување промени во катастар на инфраструктурни | 724168 | | 10.400 | | | | | 10.400 | 10.400 |
| Пренесен вишок на приходи од предходна година | 741114 | | 100.000 | | | | | 100.000 | 100.000 |
| Останати неданочни приходи | 725939 | | 0 | | | | | 0 | 0 |
| | | 6.500 | 482.400 | 18.300 | 2.000 | 167.650 | 2.000 | 678.850 | 678.850 |
| | | | | | | | | | 931.787 |

КАТАСТАР

Годишна програма за реализација на стратешкиот план на АКН за 2024 год.

**ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РАБОТА - РАСХОДИ**

| ОПИС | Расходи 787 | Вкупно реализација по години | | | | | | | Квартал 1 - 2024 | | | Квартал 2 - 2024 | | | Квартал 3 - 2024 | | | Квартал 4 - 2024 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Предлог - Буџет 2025 (во Собрание) | Буџет - Ребаланс 2024 | Реализација на буџет 2024 до 31.10.2024 | % Реализација на буџет 2024 до 31.10.2024 | Буџет 2023 | Реализација 2023 | % на релизација 2023 | План прв квартал 2024 | Реализација прв квартал 2024 | Процент на реализација а прв квартал 2024 | План втор квартал 2024 | Реализациј а втор квартал 2024 | Процент на реализациј а втор квартал 2024 | План трет квартал 2024 | Реализација трет квартал 2024 | Процент на реализациј а трет квартал 2024 | План четврти квартал 2024 | Реализација четврти квартал ЗАКЛУЧНО СО ОКТОМВРИ 2024 | Процент на реализациј а четврти квартал 2024 |
| патни и дневни расходи | 420-10 | 1.500.000 | 1.500.000 | 1.301.889 | 86,79% | 1.450.000 | 1.449.975 | 100% | 500.000 | 158.221 | 32% | 500.000 | 809.852 | 162% | 250.000 | 231.656 | 93% | 150.000 | 102.160 | 0% |
| комунални услуги,греење,комуникација | 421-10 | 5.000.000 | 5.000.000 | 2.240.921 | 44,82% | 5.000.000 | 3.804.054 | 76% | 2.000.000 | 810.718 | 41% | 2.000.000 | 1.228.664 | 61% | 1.000.000 | 107.562 | 11% | 0 | 93.977 | 0% |
| патни и дневни расходи | 420-20 | 3.000.000 | 3.000.000 | 2.460.159 | 82,01% | 3.150.000 | 3.147.335 | 100% | 1.000.000 | 619.506 | 62% | 1.000.000 | 1.366.899 | 137% | 450.000 | 452.483 | 101% | 350.000 | 21.271 | 0% |
| комунални услуги,греење,комуникација | 421-20 | 38.400.000 | 34.000.000 | 22.558.500 | 66,35% | 50.523.118 | 28.740.529 | 57% | 12.000.000 | 11.250.173 | 94% | 10.000.000 | 4.574.426 | 46% | 10.000.000 | 5.310.235 | 53% | 1.000.000 | 1.423.666 | 0% |
| материјали и ситен инвентар | 423-20 | 4.200.000 | 4.300.000 | 3.233.391 | 75,20% | 3.900.000 | 2.852.043 | 73% | 1.500.000 | 1.029.124 | 69% | 2.500.000 | 859.416 | 34% | 300.000 | 623.154 | 208% | 0 | 721.697 | 0% |
| поправки и тековно одржување | 424-20 | 32.000.000 | 30.000.000 | 12.644.319 | 42,15% | 23.500.000 | 18.731.513 | 80% | 6.000.000 | 3.187.959 | 53% | 13.000.000 | 5.561.309 | 43% | 11.000.000 | 2.521.379 | 23% | 0 | 1.373.672 | 0% |
| договорни услуги | 425-20 | 35.800.000 | 30.000.000 | 23.778.499 | 79,26% | 30.800.000 | 23.870.541 | 78% | 7.000.000 | 5.526.787 | 79% | 12.000.000 | 7.769.923 | 65% | 8.000.000 | 4.111.643 | 51% | 2.000.000 | 6.370.146 | 319% |
| други тековни расходи | 426-20 | 7.500.000 | 6.000.000 | 3.793.542 | 63,23% | 3.900.000 | 3.636.868 | 93% | 5.000.000 | 1.346.893 | 27% | 500.000 | 1.516.955 | 303% | 250.000 | 648.959 | 0% | 100.000 | 280.735 | 281% |
| привремени вработувања | 427-20 | 18.000.000 | 4.000.000 | 80.608 | 2,02% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 1.000.000 | 0 | 0% | 1.500.000 | 80.608 | 5% |
| разни трансфери | 464-20 | 6.000.000 | 19.788.582 | 14.426.816 | 72,90% | 16.502.922 | 15.538.559 | 94% | 7.000.000 | 2.761.721 | 39% | 8.000.000 | 8.898.471 | 111% | 4.698.549 | 2.278.074 | 48% | 0 | 488.550 | 0% |
| исплата по судски решенија | 465-20 | 10.000.000 | 839.418 | 929.451 | 110,73% | 1.020.960 | 1.020.960 | 100% | 36.660 | 36.660 | 100% | 449.201 | 449.201 | 100% | 443.590 | 443.590 | 100% | 0 | 0 | 0% |
| социално бенефиции | 471-20 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% |
| купување на опрема и машини | 480-20 | 1.000.000 | 5.000.000 | 0 | 0,00% | 5.000.000 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 3.000.000 | 0 | 0% | 2.000.000 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% |
| градежни објекти | 481-20 | 20.000.000 | 10.000.000 | 2.181.078 | 0,00% | 11.500.000 | 4.310.185 | 0% | 2.500.000 | 0 | 0% | 1.000.000 | 651.684 | 0% | 3.750.000 | 1.529.394 | 41% | 2.000.000 | 0 | 0% |
| купување на мебел | 483-20 | 3.000.000 | 3.000.000 | 1.152.968 | 0,00% | 5.000.000 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 5.000.000 | 1.118.168 | 0% | 2.000.000 | 0 | 0% | 0 | 34.800 | 0% |
| нефинансиски средства-софтвери | 485-20 | 2.000.000 | 2.000.000 | 0 | 0,00% | 2.000.000 | 0 | 0% | 1.000.000 | 0 | 0% | 500.000 | 0 | 0% | 250.000 | 0 | 0% | 200.000 | 0 | 0% |
| поправки и тековно одржување | 424-22 | 7.250.000 | 8.000.000 | 3.921.690 | 49,02% | 6.500.000 | 5.788.362 | 89% | 1.500.000 | 885.787 | 59% | 3.000.000 | 1.462.569 | 49% | 2.500.000 | 0 | 0% | 500.000 | 1.573.334 | 315% |
| договорни услуги | 425-22 | 10.050.000 | 7.000.000 | 3.277.916 | 46,83% | 5.300.000 | 898.325 | 17% | 1.000.000 | | 0% | 4.200.000 | 3.195.254 | 76% | 1.800.000 | 56.239 | 0% | 0 | 26.423 | 0% |
| купување на опрема и машини | 480-22 | 1.000.000 | 350.000 | 243.294 | 0,00% | 350.000 | 243.294 | 70% | 350.000 | 221.015 | 0% | 0 | 22.279 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% |
| нефинансиски средства-софтвери | 485-22 | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% |
| други тековни расходи | 426-23 | 2.000.000 | 2.000.000 | 179.203 | 8,96% | 1.300.000 | 1.232.159 | 95% | 500.000 | 115.750 | 23% | 500.000 | 0 | 0% | 500.000 | 63.453 | 13% | 300.000 | 0 | 0% |
| патни и дневни расходи | 420-2А | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% |
| комунални услуги,греење,комуникација | 421-2А | 10.600.000 | 10.000.000 | 8.026.557 | 80,27% | 8.300.000 | 8.300.000 | 100% | 3.000.000 | 2.032.839 | 68% | 2.000.000 | 2.032.839 | 102% | 2.000.000 | 1.355.226 | 68% | 1.500.000 | 2.605.653 | 174% |
| материјали и ситен инвентар | 423-2А | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | | 0% | 0 | | 0% | 0 | 0 | 0% |
| поправки и тековно одржување | 424-2А | 77.300.000 | 67.200.000 | 46.329.940 | 68,94% | 69.000.000 | 64.445.865 | 93% | 15.000.000 | 4.332.901 | 29% | 30.000.000 | 15.306.431 | 51% | 22.200.000 | 17.311.889 | 78% | 0 | 9.378.719 | 0% |
| договорни услуги | 425-2А | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% |
| други тековни расходи | 426-2А | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0 | 0 | 0% | 0 | | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% |
| купување на опрема и машини | 480-2А | 17.700.000 | 47.872.000 | 41.097.957 | 85,85% | 29.750.000 | 27.253.330 | 92% | 15.000.000 | 323.695 | 2% | 20.000.000 | 0 | 0% | 10.000.000 | 40.774.262 | 408% | 2.000.000 | 0 | 0% |
| нефинансиски средства-софтвери | 485-2А | 62.050.000 | 25.000.000 | 8.294.585 | 33,18% | 19.000.000 | 18.665.686 | 98% | 6.000.000 | 4.315.383 | 72% | 4.000.000 | 2.191.917 | 55% | 12.000.000 | 1.552.341 | 13% | 3.000.000 | 234.944 | 8% |
| други тековни расходи | 426-К2 | 2.000.000 | 2.000.000 | 292.307 | 14,62% | 1.350.000 | 1.344.240 | 100% | 500.000 | 292.307 | 58,5% | 500.000 | 0 | 0% | 500.000 | 0 | 0% | 400.000 | 0 | 0% |
| | | 378.850.000 | 327.850.000 | 202.445.590 | 61,75% | 304.097.000 | 235.273.823 | 77,37% | 88.386.660 | 39.247.439 | 44,40% | 123.649.201 | 59.016.257 | 47,73% | 96.892.139 | 79.371.539 | 81,92% | 15.000.000 | 24.810.355 | 165,40% |

КАТАСТАР

Годишна програма за реализација на стратешкиот план на АКН за 2024 год.

| РАСХОДИ ПО ОСНОВ НА ПЛАТИ ОД ОСНОВЕН БУЏЕТ И САМОФИНАНСИРАЧКА СМЕТКА | | | | | | | | | Квартал 1 | | | Квартал 2 | | | Квартал 3 | | | Квартал 4 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за плата и придонеси | Расходни ставки | Предлог - Буџет 2025 | Буџет - Ребаланс 2024 | Реализација на буџет 2024 до 31.10.2024 | % Реализација на буџет 2024 до 30.10.2024 | Планирано 2023 | Реализација 2023 | % на релизација 2023 | План прв квартал 2024 | Реализација прв квартал 2024 | Процент на реализација прв квартал 2024 | План втор квартал 2024 | Реализација втор квартал 2024 | Процент на реализација втор квартал 2024 | План трет квартал 2024 | Реализација трет квартал 2024 | Процент на реализација трет квартал 2024 | План четврти квартал 2024 | Реализација четврти квартал ЗАКЛУЧНО СО ОКТОМВРИ 2024 | Процент на реализација четврти квартал 2024 |
| **основни плати и надоместоци 787** | **401-20** | 149.788.000 | 152.780.000 | 111.302.566 | 72,85% | 99.300.000 | 97.365.626 | 98% | 25.192.417 | 25.192.417 | 100% | 27.160.890 | 27.160.890 | 100% | 41.430.675 | 41.430.675 | 100% | 17.518.584 | 17.518.584 | 100% |
| придонеси за социјално осигурување 787 | 402-20 | 141.166.000 | 136.891.000 | 112.784.214 | 82,39% | 115.200.000 | 114.505.233 | 99% | 31.955.051 | 31.955.051 | 100% | 33.943.243 | 33.943.243 | 100% | 34.951.850 | 34.951.850 | 100% | 11.934.070 | 11.934.070 | 100% |
| | 404 | 9.046.000 | 8.200.000 | 0 | 0,00% | 0 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 | | 0% | 0 | | 0% | 0 | 0 | 0% |
| | 40... | **300.000.000** | **297.871.000** | 224.086.780 | 75,23% | 214.500.000 | 211.870.859 | 99% | 57.147.468 | 57.147.468 | 100% | 61.104.133 | 61.104.133 | 100% | 76.382.525 | 76.382.525 | 100% | 29.452.654 | 29.452.654 | 100% |
| | | | | | | | | | | | 0% | | | 0% | | | 0% | | | 0% |
| **Трошоци за плати од основен буџет 637** | 401-10 | 52.937.000 | 18.000.000 | 16.403.930 | 91,1% | 19.523.000 | 19.519.405 | 99,98% | 5.844.489 | 5.844.489 | 100% | 5.401.814 | 5.401.814 | 100% | 3.641.788 | 3.641.788 | 100% | 1.515.839 | 1.515.839 | 100% |
| | 401-20 | 200.000.000 | 181.635.000 | 162.187.914 | 89,3% | 177.807.000 | 177.752.300 | 99,97% | 51.093.198 | 51.093.198 | 100% | 54.699.227 | 54.699.227 | 0% | 44.769.063 | 44.769.063 | 0% | 11.626.426 | 11.626.426 | 100% |
| | | **252.937.000** | 199.635.000 | 178.591.844 | 89,5% | 197.330.000 | 197.271.705 | 100% | 62.991.957 | 62.991.957 | 100% | 66.505.947 | 66.505.947 | 100% | 80.024.313 | 80.024.313 | 100% | 30.968.493 | 30.968.493 | 100% |
| | | **552.937.000** | 497.506.000 | 402.678.624 | 80,9% | 411.830.000 | 409.142.564 | 99% | 120.139.425 | 120.139.425 | 100% | 127.610.080 | 127.610.080 | 100% | 156.406.838 | 156.406.838 | 100% | 60.421.147 | 60.421.147 | 100% |
| **Број на вработени** | | 710 | 710 | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РАБОТА - ПРИХОДИ**

| Приходи од дејноста | Специфицирани приходи | Предлог Буџет 2025 ВО СОБРАНИЕ | Буџет 2024 | Реализација 2024 Заклучно со октомври | Квартал 1 | | | | Квартал 2 | | | | Квартал 3 | | | | Квартал 4 | | | | Вкупни приходи заклучно со месец октомври | | | Вкупно Реализација 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | План 2024 прв квартал | Реализација 2024 | План/ Реал. % | Реализација 2023 | План 2024 втор квартал | Реализација 2024 | План/ Реал. % | Реализација 2023 | План 2024 трет квартал | Реализација 2024 | План/ Реал. % | Реализација 2023 | План 2024 четврти квартал заклучно со октомври | Реализација 2024 ЗАКЛУЧНО СО ОКТОМВРИ | План/ Реал. % | Реализација 2023 | План 2024 | Реализација 2024 ЗАКЛУЧНО СО ОКТОМВРИ | План/ Реал. % | |
| **Приходи од дејноста 787** | 724... | 678.850.000 | 625.721.000 | 523.078.747 | 169.712.500 | 166.183.557 | 97,9% | 182.734.123 | 169.712.500 | 148.607.540 | 87,6% | 140.445.044 | 169.712.500 | 151.716.817 | 89,4% | 142.510.307 | 56.570.833 | 56.743.651 | 100,3% | 161.237.854 | 565.708.333 | 523.251.565 | 92% | 626.927.328 |
| **Приходи основен буџет 637 наменето само за плата** | 741... | 252.937.000 | 199.635.000 | 178.591.844 | 56.937.687 | 56.937.687 | 100,0% | 53.027.661 | 60.101.041 | 60.101.041 | 100,0% | 49.394.980 | 48.410.851 | 48.410.851 | 100,0% | 48.612.312 | 13.142.265 | 13.142.265 | 100,0% | 53.896.812 | 178.591.844 | 178.591.844 | 100% | 204.931.765 |
| **Вкупно 787 637** | Вкупно | 931.787.000 | 825.356.000 | 701.670.591 | 226.650.187 | 223.121.244 | 98,4% | 235.761.784 | 229.813.541 | 208.708.581 | 90,8% | 189.840.024 | 218.123.351 | 200.127.668 | 91,7% | 191.122.619 | 69.713.098 | 69.885.916 | 100,2% | 215.134.666 | 744.300.177 | 701.843.409 | 94% | **831.859.093** |

| ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИ И ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА БРУТО ПЛАТИ И СРЕДСТВА ЗА АНГАЖИРАЊЕ ЛИЦА | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ СКОПЈЕ | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Период | реализирани средства за бруто плати (тековна година)*2024 | | | | реализирани средства за ангажирање лица/Закон за трансформација во редовен работен однос (претходна година) | | планирани средства за бруто плати (тековна година)**2025 | | | | | | | | планирани средства за ангажирање лица/Закон за трансформација во редовен работен однос (тековна година) | |
| | неопределено работно време | | определено време/АПВ | | | | неопределено работно време | | | | определено време/АПВ | | | | | |
| | износ (во денари) | број на лица | износ (ден.) | број на лица | износ ( ден.) | број на лица | износ (ден.) | број на постојни вработени | број на нововрабо тени | број на испразне ти раб. места по било кој основ | износ (ден.) | број на постојни вработени | број на нововрабо тени | број на испразне ти раб. места по било кој основ | износ (ден.) | број на лица |
| јануари | 39.166.496 | 712 | | | | | 46.078.083 | 710 | | | | | | | | |
| февруари | 37.558.568 | 714 | | | | | 46.078.083 | 710 | | | | | | | | |
| март | 37.360.091 | 703 | | | | | 46.078.083 | 710 | | | | | | | | |
| април | 40.483.006 | 701 | | | | | 46.078.083 | 710 | | | | | | | | |
| мај | 40.427.991 | 701 | | | | | 46.078.083 | 710 | | | | | | | | |
| јуни | 40.194.177 | 719 | | | | | 46.078.083 | 710 | | | | | | | | |
| јули | 40.094.382 | 724 | | | | | 46.078.083 | 710 | | | | | | | | |
| август | 42.442.134 | 715 | | | | | 46.078.083 | 710 | | | | | | | | |
| септември | 42.256.860 | 708 | | | | | 46.078.083 | 710 | | | | | | | | |
| октомври | 42.594.919 | 705 | | | | | 46.078.083 | 710 | | | | | | | | |
| ноември | | | | | | | 46.078.083 | 710 | | | | | | | | |
| декември*** | | | | | | | 46.078.083 | 710 | | | | | | | | |
| вкупно | 402.578.624 | | 0 | | 0 | 0 | 552.936.996 | | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 | |

* Претходна година е годината која претходи на годината за која се однесува Финансискиот план (2023)

** Тековна година е годината за која се однесува Финансискиот план (2024)

***Бруто платата за декември е планирана, но не е реализирана

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**878.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 45 став (1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22,134/24 и 147/24) и член 13 и член 22 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20, 44/21 и 240/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 10 февруари 2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.125/19 и 240/22) издадена на Друштвото за производство и трговија со технички делови и навојни производи АРИЉЕМЕТАЛ ДОО увоз-извоз Скопје, точката 1 се менува и гласи:

„На Друштвото за производство и трговија со технички делови и навојни производи АРИЉЕМЕТАЛ ДОО увоз-извоз Скопје се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонски електроцентрали ФЕЦ „АРИЉЕМЕТАЛ 1“, ФЕЦ „АРИЉЕМЕТАЛ 2“ и ФЕЦ „ФЕЦ „АРИЉЕМЕТАЛ 3“.“

Прилогот се заменува со нов Прилог којшто е составен дел на оваа одлука.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по барање на Друштвото поради зголемување на капацитетите.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 12-34/25
10 февруари 2025 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Прилог:

## ЛИЦЕНЦА
## ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**1. Назив и седиште на носителот на лиценцата**

Друштво за производство и трговија со технички делови и навојни производи АРИЉЕМЕТАЛ ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. „Перо Наков“ бр.110, Индустриска зона МЗТ, Скопје, Гази Баба, Република Северна Македонија

**2. Енергетска дејност за која се издава лиценцата:** Производство на електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата:** 31 мај 2019 година

**4. Датум на важење на лиценцата:** 31 мај 2054 година

**5. Евидентен број на издадената лиценца:** ЕЕ-ПРОИЗ-369-2019

**6. Единствен матичен број:** 4393538

**7. Единствен даночен број:** 4030992219387

**8. Подрачје на кое се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонски електроцентрали ФЕЦ „АРИЉЕМЕТАЛ 1“ на објект бр.3, ФЕЦ „АРИЉЕМЕТАЛ 2“ на објекти бр.1 и 2 на КП бр.1125/42 и ФЕЦ „АРИЉЕМЕТАЛ 3“ на објект бр. 1 на КП бр. 1125/42 КО Маџари, Општина Гази Баба.

**9. Место на испорака на електрична енергија**

Испораката на електрична енергија во електродистрибутивната мрежа од ФЕЦ „АРИЉЕМЕТАЛ 1“, ФЕЦ „АРИЉЕМЕТАЛ 2“ и ФЕЦ „ФЕЦ АРИЉЕМЕТАЛ 3“ ќе се врши согласно дефинираните услови за приклучување во Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа УП1 бр. NCC_38_20240807_366 од 13 септември 2024 година, издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

**10. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- постапува согласно член 70 од Законот за енергетика*,
- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во електродистрибутивниот систем,
- им ги обезбеди на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на електродистрибутивниот систем, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Правилата за пазар на електрична енергија,
- доставува извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување и планираната расположливост до операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија,
- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- ги почитува и да постапува согласно Правилата за пазар на електрична енергија, Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, како и согласно правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија врз основа на Законот за енергетика*,

